**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 31 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Дами и господа пратеници ја отворам 55-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Радмила Шекеринска, Цветанка Иванова, Лилјана Поповска, Фијат Цаноски, Флора Кадриу, Елмазе Селмани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Селвие Салиу, Али Ахмети, Љубчо Ѓеорѓиевски, Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Силвана Бонева, Мирјана Секуловска, Абдулади Вејсели, Данаил Дончев, Марјан Додовски, Фазли Велиу, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи од 75 потпишани пратеници само 42 се пријавија преку системот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Нема доволно)

(Минуваат минути на чекање)

Ги повикувам службите уште еднаш да ни достават точен број  на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Констатирам дека на седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присутсвуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот буџетски совет.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Процедурално господинот Слободан Најдовски, повелете три минути.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе, се јавив за процедурално токму заради тоа да побарам дополнување на дневниот ред, пред да го ставите вашиот предлог на гласање, од следните причини:

Барам Собранието на денешна седница да стави точка на дневен ред - Информација за расипничкиот однос на трошење на финансиски средства од страна на министрите во Владата на Република Македонија и на директорите на Јавните претпријатија и институции.

Ќе го образложам следното:

Според некои информации во јавноста, од Министерството за финансии им е забрането на внатрешните ревизори во поодделните министерства да вршат ревизија на финансиското трошење на средствата со кои располагаат министрите и директорите на јавните претпријатија и разни директори на јавни институции.

Имено, според информации од поголем дел на министерства, факт е дека министрите расипнички се однесуваат кон располагањето со државни пари. Сите министри незаконски ги користат службените возила за приватни потреби. Сите министри ги носат со службените возила своите сопруги на работни места, ги носсат своите деца во детски градинки, со службените возила. И во викендите кога немаат патни налози патуваат во местата каде им се родителите со службени возила.

Исто така, факт е од денешниот ребаланс не можеме да видиме, сите министри одат со своите семејства, трошат државни пари за приватни ручеци во кафеани. Тоа јавноста треба да го знае. Затоа мислам дека Парламентот како највисока институција која е за контрола на работењето на Владата, за тоа треба да расправа.

Од она што до сега се кажува, никаде не можеме да видиме во ребалансот како ги трошат средствата за репрезентација, како ги користат службените возила и предлагам да донесеме еден заклучок министрите да не одат на работни места со визилата, министрите за приватни работи воопшто да не ги користат возилата и министрите воопшто да немаат право на репрезентација. Тоа е домаќинско однесување. Вака како што се однесува Владата не е добро и затоа мислам дека ние како Парламент треба да добиеме таква информација и да ставиме точка на дневен ред.

Молам предлогот да го ставите на гласање и пратениците да се изјаснат.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдоски, иако барањето за разгледување на информација за расипничко трошење како што го нарековте вие, е обемна работа, бара писмен материјал, сепак ќе го ставам на гласање.

Барањето на господинот Најдовски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 66 пратеника, за гласаа 34, воздржано 2, против 30.

(Гласањето беше пропратено со аплауз од страна на опозицијата)

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Процедурално Оливер Спасовски, повелете три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Имам една деловничка интервенција, согласно членот 218 од Деловникот на Собранието на Република Македонија каде се вели дека. . .

**Бесим Догани:** Господине Спасовски, се извинувам, колеги дали можеме да се слушаме оти многу е битно да знаеме за што зборува господинот Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретстедателе.

Реков дека се повикувам врз основа на членот 218 кој вели: Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата на начин и по постапка утврднеа со Уставот и со овој Деловник.

Уставот во Република Македонија гарантира поделба на три власти на законодавна, извршна и судска власт во Република Македонија. Согласно со овој принцип и во делот на Уставот во членот 61 каде се вели Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните, носител на законодавната власт на Републиката, а организацијата се утврдува со Уставот и Деловникот.

Заради запознавање на македонската јавност морам да кажам дека вчера во Собранието е извршен упад од страна на Владата на Република Македонија. Уште еднаш грубо се крши дигнитетот на функцијата пратеник и дигнитетот на Собранието на Република Македонија. Ова беше прашање кое пред некое време се покрена од страна на Владата во јавноста за да се испита пулсот на пратениците за да вчера пратениците во Собранието на Република Македонија спротивно на сите норми кои го уредуваат начинот на функционирањето на ова Собрание и според сите норми кои ни се достапни да ги оствариме правата во Собранието на Република Македонија, се достави едно известување од службата за финансиско и материјално книговодство во Собранието на Република Македонија дека пратениците за да добијат надоместок за користење на сопствените возила за службени цели мора да приложат патен налог и фискални сметки од патарина, за да се смета дека патувањето е реализирано.

Оттука прашувам, дали на овој начин Владата на Република Македонија сакаше директно да изврши притисок врз Парламентот и врз пратениците непосредно пред изгласувањето или донесувањето на ребалансот на Буџетот на Република Македонија.

Ова е само еден дел од проблемите, пратениците се можеби најмалиот дел од проблемите во Република Македонија за разлика од граѓаните на Република Македонија кои немаат ни основни средства за егзистенција, ниту плата, меѓутоа, и овој проблем мора да се третира во јавноста, мора да се каже дека околу 90 седници овие луѓе кои доаѓаат на работа не им се исплатени надоместоците. На тој начин директно се кредитира државата од страна на пратениците на Собранието на Република Македонија. Згора на тоа вчера се доставува известување кое е спротивно и на Законот за пратениците, спротивно и на Деловникот на Собранието на Република Македонија спротивно и на сите прописи.

Мислам дека конечно сите ние тука во Собранието на Република Македонија треба да ставиме крај на ова самоволно владеење на Владата и конечно да најдеме начин како да си го заштитиме дигнитетот на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Господине Ќуркчиев, не го прекинавме господинот Спасовски, го стопиравме времето и се е во ред.

Господине Макрадули, повелете.

Вие сте за процедурално или?

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе, мислев дека ќе изреагирате како човек што ја претседава седницата на коментарот на господинот Спасовски, но во секој случај мојата процедурална забелешка е при утврдување на дневниот ред, бидејќи поголема група на пратеници побараа итна седница на Собранието кое што ќе расправа за политичката Агенда на Република Македонија која што во овој момент ја знае премиерот, но никако да дознаат пратениците во Собранието кои што треба да ги донесат законите, и да расправаат за нив. Би сакал да ве замолам да ни дадете појаснување или коментар кога претседателството на Собранието ја планира итната седница која ја побараа 30-тина пратеници од поголемиот дел пратенички групи, освен ВМРО ДПМНЕ, да биде на дневен ред и да расправаме за вистинските теми и приоритети на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Јас разговарав со претседателот утринава, бидејќи тоа е во ингеренции на претседателот и само тој може да одлучува кога ќе биде на дневен ред. Претседателот веќе работи на барањето и се надевам дека набргу ќе ве информира кога би можело да биде на дневен ред имајќи предвид дека денеска ќе почнеме да дискутираме за ребаланс на Буџетот каде имаме обемна работа, верувам во текот на денот ќе добиете известување од претседателот за барањето на пратениците да се разговара по таа тема.

Последен за процедурално е пријавен господинот Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Некој е информиран, некој не, меѓутоа сепак сакам да нагласам во оваа прилика дека пред извесен период од месец ипол или два е

поднесен предлог за изменување и дополнување на законот за упис на готовински упати преку кои се сака да се реши проблем за кој ценам дека е акутен, како што е проблемот на решавање на тн., избор на лица кои се бават со промет на стоки по тезгите.

Имајќи го предвид овој временски период околу два месеци и знаејќи го дневниот ред кој е предложен и кој се однесува на ребалансот на Буџетот ценам дека ќе беше упатно, нормално во согласност со членот 66 од Деловникот за работа на Собранието, на дневен ред да се стави и оваа точка затоа што на директен начин ценам дека е поврзано со ребалансот на Буџетот.

Ова е причината зошто предлагам, нормално, доколку има добра волја кај пратениците, како точка на дневен ред на денешната седница да се приклучи и овој предлог. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јашари.

Несомнено имате поддршка од 10 пратеника, така што вашиот предлог го ставам на гласање.

Предлогот на господинот Јашари го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 73 пратеника, за гласаа 32, воздржани нема, против 41 пратеник.

Констатирам дека предлог не е прифатен.

Процедурално господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Јас мислам дека со Деловникот е предвидено откако два пати ние како парламентарна група бараме предлог законот кој го поднесовме да се стави на дневен ред на денешната седница, тоа што го побара Аднан Јашари, треба да ни се даде објаснување од првиот човек на ова Собрание зошто таа точка не е ставена на дневен ред. Треба да добиеме образложение, зошто не е ставена на дневен ред.

Ова е мојата процедурална забелешка, бараме објаснување зошто тој закон не е на дневен ред.

Понатаму, нормално, ќе следи и гласање. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Јас можам само да ви кажам дека поради голем број на веќе закажани седници немаше простор за ставање на дневен ред. Може и од претседателот да добиете писмено известување ако тоа го побарате од него, бидејќи во моментот тој не е тука.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 80 пратеници, за гласаа 50, воздржано 1, против 29.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

2.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.

3.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.

4.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон.

Предложениот дневен ред го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 78 пратеници, за гласаа 50, воздржани нема, против 28.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално за збор се јавува господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, согласно член 72 и член 74 од Деловникот за работа на Собранието, му предлагам на Собранието точките 2, 3 и 4 да се разгледуваат пред точката за ребалансот на Буџетот. Тоа го предлагам од следните причини:

Имено, пратеничката група на ЛДО предложи три закони кои тесно се поврзани односно директно со Буџетот. Тоа е предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за додадена вредност кој се однесува на намалување на даночните стапки за комуналната хигиена, или народски речено за ѓубретарината; намалување на данокот на додадена вредност на становите за живеење и намалување на данокот на додадена вредност на компјутерите, интернетот и софтвертските апликации.

Сметам дека е добро овие три точки да ги ставиме пред ребалансот од едноставна причина што до колку Собранието ги усвои овие три закони, тие закони ќе имаат директни импликации врз ребалансот односно врз приходите на ребалансот на Буџетот на Република Македонија.

Јас можам да викажам од името на пратеничката група на ЛДП, за да не се плашите за времето, ние не би дискутирале повеќе од 20 минути за било кој од овие закони, така што нема да ви одземеме многу време, а за другите пратенички групи тоа не знам како вие ќе се псотавите.

Сосема логично е, до колку се има намера да се расправа за виситнски даночни намалувања во Република Македонија, а не за даночни намалувања кои преку реклами значат намалување, а во стварноста значат дополнителни оптоварувања во Република Македонија, логично е да расправаме за овие закони пред расправата за ребалансо тна Буџетот.

Според тоа, барам подршка од 10 пратеници, согласно Деловникот, мојот предлог да го ставите на гласање.

Еве точно ќе го формулирам мојот предлог. Имено, точките 2, 3 и 4 да бидат точки 1, 2 и 3, а точката 1 да биде точка 4.

Барам подршка од 10 пратеници.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Имате подршка од 10 пратеници.

Предлогот на господинот Најдовски, точките 2, 3 и 4 да бидат ставени како точки 1, 2 и 3, а точката 1 да биде ставена како точка 4, го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 79 пратеници, за гласаа 30, воздржани нема, против 49.

Констатирам дека предлогот на господинот Најдовски не е прифатен.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година**

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам општ претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседтеле.

Почитувани пратеници, уште на самиот почеток од моето обраќање сакам да ве поздравам и да ви посакам успешна работа. Поздравите ги пренесувам и од Владата на Република Македонија, а претпоставувам дека и граѓаните на Република Македонија ценат што во овие летни жешки денови македонските пратеници во Парламентот дисциплинирано разговараат за битни прашања од нивниот живот и решаваат суштински прашања за функционирањето на македонската држава и македонската економија.

Претрес на денешнава собраниска расправа е Предлогот за измени и дополнувања на Буџетот за 2007 година кој предизвика значителен интерес во пошироката јавност што е сосема оправдано кога се во прашање јавните финансии на една земја.

Имајќи во вид дека Владата најтранспарентно ги прибира и троши средствата на граѓаните, чест ми е да ве повикам на конструктивна дискусија и заедничко разгледување на вашите предлози и сугестии.

Почитувани, пред да се фокусираме на Предлогот за измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, дозволете ми да ги споделам со вас следните согледувања.

Имено, и покрај стабилните макроекономски перформанси во Република Македонија, економскиот раст во изминатите 10-тина, 15 години беше релативно понизок од земјите во транзиција, како и од земјите во опкружувањето. Она што најмногу загрижува е фактот што во последните три-четири години економскиот раст во Република Македонија бележеше стапка која е само половина од онаа што ја бележеа земјите во нашето опкружување, во регионот. Имено во просек растевме со 2,3% на економски план, додека сите наши соседи постигнуваа стапки на раст што беа околу 6%, а некои над тоа.

Во 2006 година во Република Македонија растот на бруто домашниот производ изнесуваше 3,1%, што претставува понизок раст од потенцијалниот односно од она што може да го генерира нашата економија, до колку се користат соодветно нејзините ресурси, а беше постигнат растот во услови на ниска стапка на инфлација од 3,2%, низок буџетски дефицит од само 0,6%, одржлив дефицит на тековната сметка на платниот биланс и стабилен девизен курс.

Имајќи во вид дека основната причина за нискиот раст во Република Македонија е структурната неприспособеност на економијата и институциите, во 2006 година Владата на Република Македонија подготви амбициозна економска програма за структурни реформи, со крајна цел забрзување на економскиот раст и процесот на евроинтеграција на земјата, како и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

Амбициозната економска програма на Владата на Република Македонија, како и програмата за забрзано спроведување на структурните реформи веќе дава позитивни резултати на економски план. Реформите во областа, стручно, на влезот и излезот од пазарот или реформите во областа на формирање на претпријатија, како и нивно излегување уредно од пазарот, со стечаи и ликвидации се со цел да се создадат услови за конкурентен деловен амбиент, понатаму реформите во судството, на пазарот на работна сила, реформите во образованието и здравството, веќе создаваат услови за подем на македонската економија, како сигурен предуслов и за пораст на животниот стандард на нашите граѓани, што е крајна цел на економските политики на Владата. Имено, макроекономските перфомanси на економската економија на почетокот од 2007 година конечно покажуваат дека земјата може економски да расте со висока стапка на растот, исто како и понапредните земји во транзиција.

Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, бруто домашниот производ во првиот квартал од 2007 година забележа раст од 7%, што претставува највисок раст во изминатите 15 години. Особено значајно е што ваквиот раст е поддржан со ниска и стабилна инфлација од 0,9%, силен раст на извозот од околу 50%, пораст на индустриското производство, силна инвестициска активност како од домашни така и од странски инвеститори, понатаму тренд на намалување на каматните стапки и конвергирани економии на земјите од

Економската унија, како и растечки девизни резерви.

Растот се должи на следниве фактори.

1.Силна инвестициска активност.

Во првиот квартал, во првите три месеци во 2007 година е забележан раст на увозот на опрема за инвестиции и интермедијарни производи за 48%. Тоа е подлогата на производствените процеси. Овој раст е повисок од истиот во 2006 година кога растот изнесуваше 7%. Сега е 48%.

Исто така, долгорочните банкарски кредити на претпријатијата, оние кои се наменети за кредитирање на инвестициската активност бележат пораст од 44%. Се разбира овде спаѓаат и веЌе остварените конкретни инвестиции во осигурителниот бизнис, како што се случаите на Вардар и Табак осигурување, во индустријата за информатички технологии ОН-Нет, Телекомуникации, Мобилком-Австрија, Автомобилската индустрија, Џонсон Контролс и Џонсон Мети, прехрамбената индустрија и т.н.

2.Постои силен раст на личната потрошувачка.

Во првите 4 месеци од 2007 година порстот на номиналните плати изнесува 6,4%, а реалниот пораст изнесува 5,6% во услови на непроменето ниво на плати на јавната администрација.

Исто така, вреди да се напомене и намалувањето на процентот на вработени лица што не примиле плата. Според последните расположливи податоци овој процент изнесува 12,8% и е најнизок до сега.

Порастот на личната потрошувачка е поддржан и со пораст на кредитирањето на населението од околу 46,4% во првите 5 месеци од 2007 година, во однос на истиот период од минатата година, што е целосно покриено од порастот на депозити на населението односно порастот на штедењето.

3.Присутен е висок раст на обемот на надворешно-трговската размена.

Доказ за забрзувањето на економската активност или нејзиното заживување во 2007 година е високиот раст на обемот на стоковната размена. Имено во период јануари-мај 2007 година извозот на стоки и услуги забележа пораст од 51,5%, при истовремено зголемување на увозот за околу 31,7%, придонесувајки за реално намалување на дефицитот во размената со странство. Номинално дефицитот се зголеми само за 6 милијони долари.

Стабилното ниво на приватни трансфери во почетокот на 2007 година укажува дека дефицитот на тековната сметка од платниот биланс нема да ги надмине очекуваните 2 до 3% од бруто домашниот производ.

Понатаму бележиме одлични фискални перформанси односно резултати во првите 6 месеци од 2007 година.

Во анализираниот период наплатени се даночни приходи за 16% повеќе од истиот период од минатата година, а за 10% повеќе од планираните. Ваквите позитивни движења се постигнати како резултат на интензивираниот економски раст во земјата како и одобрената наплата од страна на Управата за јавни приходи и Царината.

Присутен е раст во сите произвотствени сектори.

Она што е особено важно за економскиот раст во 2007 година е што растот е на широка основа, при што особено значајно е високиот раст остварен кај производството на производи со висока додадена вредност, информатичката индустрија или индустријата на информатички технологии, производство на машини и опрема и слично. Значи за прв пат во нашата транзиција можеме да бидеме сигурни дека растот нема да зависи од случувањата на пазарот со кои се соочуваат неколку поголеми и позначајни компании во Република Македонија. Секако тоа ќе влијае на бруто домашниот производ но одиме кон диверзификација на економската активност.

Највисок раст во првиот квартал на 2007 година е остварен во Секторот трговија, пораст од 13,7% или 25% пораст во однос на просекот од 2006 година. Потоа во индустријата растот е 11,6% или 36% пораст во 2006 година. Понатаму сообраќајот и врските 11,2%, респективно, или 15% пораст во однос на 2006 година.

По две години на ниски и негативни ставки на раст во првиот квартал во 2007 година, градежништвото оствари стапка на раст од 5,8%. Значително повисоки стапки на раст се остварени и во финансиското посредување за 3% или двојно повеќе од минатогодишниот раст. Земјоделството 6% повисоко од 2006 година и туризмот.

Ваквите движења, почитувани пратеници не извршија притисок врз стапката на инфлација. Имено трошоците на живот во првата половина на 2007 година забележаа раст од 0,9%, што укажува дека стапката на инфлација е подржана не само од зголемената побарувачка, туку и со зголемена понуда, согласно зголемениот реален пораст на производството, што придонесува кон оваа рамнотежа.

Исто така, во насока на подршка на ниската и стабилна инфлација делуваше и растот на продуктивноста кај индустријата, раст кој за првиот квартал од 2007 година изнесува 15%. Растот на продуктивноста во 2006 година изнесуваше 5%.

Позитивни промени има и на пазарот на работна сила каде во првиот квартал од 2007 година е остварен пораст на вработеноста од 3,5% во однос на истиот период минатата година односно стапката на невработеност е намалена за 0,4%.

Позитивните движења во сите сегменти на економијата укажуваат дека проектираниот раст на бруто домашниот производ за 2007 година од 6% не само што ќе се оствари, туку можеби ќе бид еи надтфлен.

Почитувани пратеници,м верувам ќе се согласите дека сето ова преку механизмите на економијата влијаеше врз остварувањата на Буџетот во

првата половина од 2007 година и ја наметна потребата за подготовка на овој ребаланс кој Владата го креира во насока на поефикасно и подинамично реализирање на потврдените ресорски политики до крајот на годината.

Дозволете ми во продолжение поконкретно да ги образложам причините за дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2007 година односно потребата за продолжување на реформските активности и дисциплинирана фискална политика, во насока на обезбедување долгорочна фискална одржливост. При тоа поставените цели на фискалната политика и зразени преку измените и дополнувањата на Буџетот за 2007 година и натаму остануваат во функција на одржување на макроекономската стабилност, постигнување на повисоки стапки на економски раст, намалување на нивото на јавниот долг и релаксирање на монетарната политика.

Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2007 година односно соодветното креирање на приходите и расходите се темелат на следното:

1.Одличната реализација речиси кај сите видови даночни приходи што во првата половина од годината реализираа надфрлање за 10% во однсо на планот за овој период од годината односно за 15,5% повеќе во однос на претходната 2006 година.

2.Поголемото ниво на дивиденда од АД Македонски телекомуникации чија уплата се очекува во најскоро време и истата е предвиденод а се искористи на најефикасен начин.

3.Обезбедување на дополнителни средства за започнатите капитални инвестиции и реформски проекти кои директно ќе придонесат кон остварување на планираната стпка на економски раст.

4.Обезбедување на средства за зајакнување на административниот капацитет на државните иснтитуцииодносно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

5.Усогласување на буџетските апропријации за стапки за каматите и главнината, со извршените транскакции за привремен откуп во делот на завршниот долг во првата половина од годината.

Почитувани, кога ги спомнав предвремените исплаќања на нашиот надворешен долг само да спомнам дека во меѓувреме заради високиот прилив на девизни средства во државата, се она што исплативме спрема Парискиот клуб, спрема ММФ, спрема Светска банка и Европска инвестициона банка, сите овие средства кои се одлеаа од девизните резерви веќе се надоместени. Нивото на девизни резерви во овој момент е на истото ниво од 31.12.2006 година. Ве молам да го ценит еовој факт. Исплативме големи суми на средства, некаде 170-180 милијони евра, а нивото на девизни резерви е исто како да сме немале никаов одлив.

Проекциите на расходи на Буџетот се подготвени врз база на три клучни постулати:

Прво, целосна усогласеност на проекцијата на приходите со планираните економски активности.

Второ, проекцијата на вкупните расходи на државниот буџет обезбедува континуирама фискална консолидација.

Трето, планираните износи на расходи обезбедуваат непречено извршување на сите обврски на државата што произлегуваат од законските прописи.

Тука посебно би потенцирал дека учеството на расходите на Буџетот на Република Македонија изнесува околу 35% во однос на бруто домашниот производ, што ја вбројува Република Македонија меѓу земјите со најниски владини расходи и истото е пониско и од просекот на новите земји членки на Европската унија, чии расходи учествуваат со околу 39% од нивните респективни бруто домашни производи.

Согласно наведените претпоставки со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, се ревидирани иницијалните проекци на приходи и расходи, при што фискалната политика до крајот на годината ќе се реализира во рамки на планирани вкупни расходи во износ од 117 милијарди 897 милиони денари и истите ќе се финансираат во планирано ниво на вкупни приходи во износ од 114 милијарди 401 милион денари. Така ревидираните приходи и расходи не ја менуваат фискалната рамка утврдена со Буџетот односно Буџетот на Република Македонија се предвидува да оствари дефицит во износ од 3,5 милијарди денари односно 1% од планираниот бруто домашен производ за оваа година и истиот таргет за дефицит во Буџетот што го утврдивме со оригиналниот Буџет кој што вие го изгласавте на 29 декември минатата година.

Почитувани пратеници, би сакал подетално да ве информирам за централниот буџет како носечки дел на Буџетот на Република Македонија. Со овие измени и дополнувања кај приходната страна на овој дел од Буџетот е планирано зголемување од 5 милијарди 574 милиони денари односно вкупните приходи до крајот на годината се очекува да се остварат во износ од 80 милијарди и 97 милиони денари во централниот буџет. Во прилог на ова, би истакнал дека кај даночните приходи е планирано зголемување од 3,7 милијарди денари, имајќи предвид дека во првата половина од годината истите ги надминаа очекуваните остварувања за овој период од годината и тоа кај данокот на додадена вредност и е остварено зголемување од 5,6% над планираното. Кај акцизите 4,9% повисоки приходи од планираните. Кај персоналниот данок 7,8% повисоки приходи од планираните. Кај царините 13,9% повисоки приходи од планираните. Кај данокот на добивка дури 51,4% повисоки приходи од планираните. Еве тема за истражување на нашите економски аналитичари зошто конечно претпријатијата во Република

Македонија започнаа да остваруваат профити и тие да ги пријавуваат како основа за оданочување. Повторувам, приходите во првата половина од оваа година по основ на данокот на добивка се повисоки за 51,4% од планираните за период јануари-јуни. Ваквата реализација го потврдува успешното спроведување на даночната реформа, со намалување на даночното оптоварување и поедноставување на даночните процедури на ваков начин се обезбедува пониско фискално оптоварување на економијата во однос на земјите во Југоисточна Европа и најниско од сите земји на поранешна Југославија. Понатаму, зајакната наплата на приходите, која во суштина подразбира целосно и неселективно исполнување на законските обврски кон државата, засилени и синхронизирани контроли на Управата за јавни приходи и Царинската управа, кои директно влијаат на намалување на сивата економија и шверцот, а истовремено даваат врзан позитивен ефект за подобрена наплата на даночните и увозните приходи.

Поголемото ниво на приходи ефектуира со создавање на доволен простор за зголемување на јавните инвестиции. Оттука, расходната страна на централниот буџет е планирана во висина од 82 милијарди 588 милиони денари или за околу 5 милијарди 260 милиони денари повеќе во однос на иницијалните проекции.

Набљудувано структурно тековните расходи се ревидирани на ниво од 69 милијарди 414 милиони денари, односно зголемување за околу 4,7% во однос на првично планираните. Зголемувањето на тековните расходи се должи на буџетирање на расходите, кои произлегуваат од потребата за следново, зајакнување на институциите сврзано со интеграциските процеси на Република Македонија, со цел потребно доекипирање и унапредување на потенцијалниот капацитет на администрацијата.

Второ, зголемување на средствата наменети за стоки и услуги, со цел подмирување на доспеани обврски, особено во делот на комуналните и договорните услуги во судството и високото образование, како и за остварување на активностите околу Самитот на НАТО и претседавањето во Обединетите Нации од страна на претставници на Република Македонија.

Трето, обезбедување на финансиска поддршка за имплементација на активните мерки за вработувања и спроведување на реформи во социјалната сфера сврзани со развивање на деинституционални форми на згрижување.

Четврто,обезбедување на средства за подмирување на заостанатите обврски на електрична енергија на јавните претпријатија во државна сопственост спрема АД ЕВН, со кои средства истовремено би се затвориле должничко доверителските односи меѓу ЕВН, МЕПСО и ЕЛЕМ .

Петто, обезбедување на дополнителни средства за непречена реализација на започнатите реформи во образованието, полицијата, царината и интензивирање на активностите за привлекување на странски директни инвестиции.

Во делот на капиталните расходи предвиденото зголемување за околу 20% е резултат на обезбедување на дополнителни средства за започнатите капитални проекти за она што следи. Натамошна агресивна промоција на инвестициските можности во земјата, со обезбедување дополнителни средства за започнатите капитални проекти на технолошко индустриските развојни зони во Скопје, Штип и Тетово во износ од 441 милион денари, како и зајакнување на останатите активности за привлекување на странски директни инвеститори со околу 200 милиони денари.

Понатаму, во доменот на образованието ќе се одвојат 240 милиони денари за компјутеризација на училиштата. Дополнителни 50 милиони денари за изградба на училишта и спортски сали. Околу 200 милиони денари се предвидени за новиот Државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип и за поддршка на други високообразовни институции во државата, вклучително и Скопскиот универзитет. Исто така, дополнителни средства во износ од 137 милиони денари се предвидени за зголемување на студентскиот стандард. За изградба на 35 спортски сали се одвојуваат 150 милиони денари. За изградба на салата “Борис Трајковски” се наменети дополнителни 160 милиони денари. Во Буџетот за 2007 година веќе беа определени околу 180 милиони денари, со цел нејзино во рок завршување и предавање во употреба, а за изградба на северната трибина на Градскиот стадион се обезбедуваат 150 милиони денари.

Се зголемуваат субвенциите за производителите на пченица за 50% односно за 55 милиони денари, а како одговор на неповолните временски услови кои влијаат врз намалување на приносите. За проектот на агроберзата за набавка на ладилници и на земјоделски производи се предвидуваат средства во износ од 133 милиони денари, додека за воспоставување на Платежната агенција ИПАРТ се предвидуваат 33 милиони денари, онаа Платежна агенција што треба да обезбеди привлекување на средствата од претпристапните фондови на Европската унија наменети за земјоделството во Република Македонија.

Се зголемуваат инвестициите во хидросистемите за околу 120 милиони денари. Исто така, се обезбедени средства за надминување на проблемите со водостопанските претпријатија во износ од 93 милиони денари.

Понатаму, за купување на дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија се одвојуваат околу 300 милиони денари, со цел заштеда во трошоци на кирии. За надминување на проблемот со просторно сместување на органите на државната управа, се

одвојуваат дополнителни 150 милиони денари за доадаптација на поранешната зграда на НИП “Нова Македонија”. Во проекти за јакнење на капацитетите и поуспешно управување во Царината се предвидуваат дополнителни средства во износ од околу 150 милиони денари, како и дополнителни 163 милиони денари за проектот за новите лични документи на Министерството за внатрешни работи.

Во однос на капиталните расходи на Буџетот, Владата вложува континуирани напори за интензивирање на енгилицистиските активности и запазување на роковите за реализација на проектите, кои директно го поддржуваат растот и обезбедуваат поголема достапност и поквалитетни јавни услуги.

Ревидираните проекции на приходите и расходите на централниот буџет не предизвикуваат поместување кај дефицитот односно со измените и дополнувањата истиот изнесува 2 милијарди и 491 милион денари односно го задржува нивото од 0,7% од планираниот бруто домашен производ за 2007 година. Финансирањето на планираниот буџетски дефицит и редовното сервисирање на обврските по основ на домашниот и надворешниот долг ќе се обезбеди, главно, од домашни извори односно од планираните приливи од приватизацијата на ТЕЦ Неготино и од емисијата на државни хартии од вредност.

Почитувани, со овие измени и дополнувања на Буџетот се ревидирани и проекциите на социјалните фондови, како и нема значителни поместувања односно може да се констатира солидна и динамичко усогласена наплата на придонесите, кои обезбедуваат редовна исплата на пензиите и надоместоците за невработени.

Во делот на здравствениот сектор, би сакал да потенцирам дека реформите се во напредна фаза и ќе резултираат со поставување на системот на финансиско одржливи темели. Меѓутоа, планирано е и интензивирање на амбициозни реформи во сите области на овој сектор, здравствениот. Тие се сврзани со унапредување на буџетското финансирање на јавните здравствени установи, со утврдување на максимални годишни износи на средства за трошење во корелација со обемот на извршени здравствени услуги. Ревидирање на основниот пакет на здравствени услуги. Зајакнување на правилата за набавка на лекови, усвојување на модерни системи за плаќање на давателите на здравствени услуги и реорганизација на болничкиот сектор во согласност со медицинската мапа. Овие реформи ќе бидат поддржани со воведување на информатичка технологија и електронска здравствена картичка, како и со соодветни ивнестиции во медицинска опрема и подобрување на инфраструктурата. Сето ова ќе овозможи рационализација на големината на секторот и негово приспособување кон потребите на граѓаните.

Инвестициските активности од страна на Фондот за патишта е предвидено да се интензивираат и тоа со забрзано надминување на проблемите од имотно правен карактер и реализација на активности поврзани со отпочнување на изградба на нови делници и тоа патот кон ски центарот Кожуф, трета лента на Плетвар, Табановци, Куманово, Радовиш Струмица и тн.

Исто така, во подготовка се двата проекти за комплетирање на коридорите 8 и 10, кои се највисок приоритет на Владата на Република Македонија и чија изградба се очекува да стартува во почетокот од идната година.

Почитувани пратеници, имајќи предвид дека законските решенија предвидуваат стартување на втората фаза на децентрализација од 1 јули, Владата на Република Македонија ги повика сите општини кои имаат капацитет за управување со средствата и смета дека ги исполнуваат условите за премин во втората фаза, да достават барање за пристап до блок дотации до надлежното Министерство за локална самоуправа и до Министерството за финансии.

Истовремено, ве информирам дека Министерството за финансии врши оперативно проверување и оценување на пристигнатите барања од општините согласно параметрите утврдени во член 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Во тек е конечната евалуација на исполнетоста на условите за премин во втората фаза.

Согласно податоците со кој располага Министерството за финансии до сега аплицирале 64 општини, а од извршените анализи и оценувања се очекува околу 50% од вкупниот број на општини во Република Македонија да ги исполнат условите за премин во втората фаза.

Иако се овие измени и дополнувања не се алоцирани средства во позицијата за блок дотации, средствата кои ќе се трансферираат до општините се обезбедени на расходната страна на Буџетот и истите, согласно законските решенија, динамички ќе се реалоцираат, при што ве уверувам дека непречено ќе се извршат децентрализираните надлежности.

Почитувани пратеници, сосема на крај би констатирал дека состојбите и условите во кои денес се наоѓа Република Македонија можат да обезбедат висока и одржлива ставка на раст при што е потребно продолжување на реформските зафати во насока на трасформирање на економските сектори и приклучување кон развиените економии.

Токму од тие причини структурните политики го претставуваат најзначајниот столб на економската политика во овој период. Главен акцент на реформите е даден на активностите насочени кон подобрување на инвестициската и деловната клима во економијата. Висока либерализација и флексибилност на пазарот на труд. Значително подобрување на ефикасноста на судскиот систем. Обемна реформа во јавниот здравствен сектор и образованието, кои

традиционално собираат огромен дел од јавната потрошувачка, како и продолжување на реформите во управувањето со јавниот сектор, јавната админситрација и во финансискиот сектор. Интензивирањето на структурните реформи дава реални шанси за остварување на побрз раст уште во тековната година. Аспирациите на Република Македонија за влес во Европската унија уште повеќе ги зајакнуваат очекувањата на инвеститорите.

Искуствата од новите земји членки од Европската унија покажуваат дека интеграциските процеси ги забрзуваат целокупните политички, економски и административни реформи во потенцијалните нови членки. Иако забрзувањето на растот и подобрениот животен стандард во голема мера ќе зависат од одговорот во приватниот сектор на тековните структурни реформи, сепак фискалната политика и јавните расходи имаат значителна улога во поддршката на растот и интеграцијата на Европската унија.

Имајќи го предвид изнесеното, почитувани пратеници, искрено ве повиквуам да ги поддржите предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Ви благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине минситер.

Збор има господинот Слободан најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, јас ви кажав кога се пријавив и очекував дека вие самите тоа ќе го направите, сосема нормално е, со оглед на тоа што многу работи од овие кои што ги кажува господинот министер не соодветствуваат на она што е во образложението, можеби различни периоди со други бројки сега овде излезе, па барам еден час пауза од моментот кога ќе ни се даде експозето на господинот министер. Така што, ве молам, да ни се остави доволно време еден час од моментот кога ќе ни се додели експозето, а можеби е најдобро некаде околу 15,00 часот да продолжиме, затоа што не верувам кога ќе стигнете.

**Бесим Догани:** Ако се согласувате да биде еден час пауза и за да го добиете стенограмот и да го разгледате, сето заедно.

**Слободан Најдовски:** Потпретседателе, нема проблем јас да се согласам, но ако не ни го дадете, вие можете да ни го дадете, ако сега дадете пауза до 13,30 часот, можете да ни го дадете во 13,25 часот, тогаш ви е бесцелно. Јас би ве замолил и е добро ова да го направите, ако сака некој да должи, може да се должи на илјада и еден начин, не сакаме да должиме, но сакаме навистина сериозно да пристапиме на ребалансот. Бидејќи, она што го зборуваше господинот министер, бројките се други периоди во образложението, сега ни кажуваше бројки од друг период. Имаме потреба за квалитетно да се подготвиме. А, ако сакате само така во ред, ваше е, јас да предложам како е најдобро да работиме.

**Бесим Догани:** Само ќе ми дадете момент да видам со службите колку време им треба за говорот на министерот.

**Слободан Најдовски:** Во ред, но беше најдобро министерот да го дадеше неговото експозе предвреме, само... Стенограмот се разликува од она што му е напишано на министерот.

**Бесим Догани:** Во ред, тогаш како и да е јас морам да го претпочитам она што го барате вие, давам еден час пауза. Ви благодарам.

(Пауза до 13,30 часот).

(По паузата седницата продолжи во 13,37 часот).

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, бидејќи паузата беше дадена за добивање на стенограмот од излагањето на министерот за финансии, а тој, според информациите, ќе биде за уште од прилика десетина минути, во тој случај објавувам пауза до 15,00 часот за ручек. Ви благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза за ручек во 13,38 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Прв за збор е пријавен пратеникот господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, министре, почитувани колеги пратеници.

Најпрвин дозволете министре Славески да се заблагодарам за поздравите што ни ги упативте од страна на Владата, се надевам дека ќе ги пренесете и нашите поздрави со надеж дека брзо ќе ги видиме овде, а не само на фингираните прес конференции. Уште повеќе што мислев дека токму за овој Буџет ќе беше добро да го вратиме конструктивниот дијалог онаму каде што му е местото, а тоа е во Парламентот, бидејќи сметам дека и со отворањето на ова прашање околу визијата и вашата стратегија како може Македонија да ја направиме економски попросперитетна, би можеле во ова време на политички тензии да понудиме една поинаква слика и за состојбите на релација Влада - опозиција.

Но, очигледно денешната владина седница и итањето до 31 јули да се донесат сите закони од страна на Владата и да бидеме овде затрупани, како со овие амандмани, е побитно отколку да се слушнат, посебно политичките дискусии кои вообичаено, кога има расправа за Буџетот следат во првите 2-3 дена.

Како и да е, бидејќи јас сум првиот говорник од опозицијата, верувам дека конструктивниот тон кој имам намера да го демонстрирам ќе биде прифатен, пред се, од вас, бидејќи дали ќе биде конструктивна атмосферата министре Славески пред се ќе зависи од вас. Мора да се согласите дека минатата недела имавте сериозни несогласувања со опозицијата и не верувам дека во тој тон ќе продолжи денешната дискусија.

Иако генерално беше извесно дека ребалансот на Буџетот е нужен, не би рекол дека е ова нужно зло, но е потребен, имајќи во предвид дека пред се, тоа се должи, морам да признам, во еден дел на добрата работа на некои од државните органи кои се надлежни за собирање на јавните приходи, но од друга страна и за, според мене, погрешната проценка или проекција која ја правевте на крајот на минатата година. Мора да се признае дека начинот на кој вие се обидувате денеска да ни објасните зошто е неопходно да дојде до ребаланс на Буџетот, всушност ги открива и слабите точки на владината политика во делот на проектирањето. Вие самите бевте свесни каде се обидоа некои надлежни државни институции да упатат забелешки околу проекцијата испровоцирани од критиките кои доаѓаат, пред се, од страна на опозицијата за начинот на кој се реализира Буџетот, пред се во делот на капиталните инвестиции кои би требале да ја доведат Македонија до оној степен како сите посакуваме да биде економски просперитетна држава.

На почетокот би сакал да говорам генерално за забелешките што јас лично ги имам иако тука ќе споделам една моја проценка дека веројатно и со овој ребаланс на Буџетот вие сакате и понатаму да останете во оној ваш филм кој е многу порозов од нашата реалност. Убедувајќи не дека во последните 4 години сме имале низок економски раст, дека просекот кој вие го вадите, кој не може да помине над 3%, вие го правите драматично подобар само во првиот квартал од оваа година веќе говорите за фантастични 7% економски раст со што и самите сакате на крајот да не уверите дека вашата проекција од 6% е реална.

Иако, само пред неколку дена, нашите партнери од ММФ и Светската банка сакаа поинаку да ги менаџираат тие очекувања, гледам дека вие и понатаму на денешната седница сте оптимист дека Република Македонија конечно успеала да направи такво преструктуирање на државата, пред се на економијата, што ќе ја направи економски просперитетна држава.

Верувам дека тука нема ниту еден пратеник кој би се противел да е реално така. Но, за жал, мислам дека работите не се така розови.

Најпрвин одличната реализација со која се фалите дека имаме поголеми приходи и натфрлања отприлика за 10% како главен мотив за овој ребаланс е за поздравување. Но, во секој случај тука би бил попретпазлив, да сочекаме да видиме до крајот како ќе се одвива оваа политика што ја креира Управата за јавни приходи и Царината. Иако тука правам сериозна дистинкција помеѓу овие две институции далеку попрофесионална и подобри резултати има Управата за јавни приходи отколку Царината. За Царината, заради структурата што ние ја препознаваме како лице, за Царината имам сериозни забелешки, тоа може да се види со бројките, јас тврдам дека од акцизните стоки и од акцизите можевме да имаме многу поголем опфат на средства кои би се слевале во Буџетот, но за таа тема во некоја друга прилика.

Јас генерално министре сум за тоа да направиме ребаланс кој понатаму ќе го стимулира економскиот раст, од друга страна ќе ги стимулира нашите стратешки интереси, а тоа се евроатланските интеграции и со самото тоа ќе го подига животниот стандард. Но, мора да се согласите дека токму политичката нестабилност во нашата држава, политичките тензии кои се евидентни во оваа прва година и нанесува најголема штета токму на македонската економија.

Ако е вашата интенција и понатаму да продолжите да ја промовирате Македонија како рај во Европа, ако и понатаму претендирате Република Македонија да биде држава која ќе биде атрактивна за странските инвеститори, не ќе може целата оваа кампања која и понатаму ја поддржуваме со дополнителни, ако ми е точна математиката, 756 милиони денари или отприлика 12,5 милиони евра, мислам дека нема да биде доволно. Многу повеќе од овие 12,5 милиони евра за атрактивноста на Република Македонија ќе придонесе политичката стабилизација, политичката стабилност и приближувањето кон Европската унија и евентуалното членство во НАТО отколку кампањи кои досега, иако вие претендирате на почетокот дека и ребалансот го правите за да покажете на граѓаните како транспарентно ги трошите парите, мора да се согласиме дека најголемиот проблем во овие изминати 6 месеци од оваа буџетска година и во овие изминати 12 месеци од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ е токму транспарентноста и начинот на кој се трошат парите на граѓаните на Република Македонија.

Остана нејасно, не знам дали врз основа на дискусијата која ќе следи по амандманите конечно граѓаните на Република Македонија ќе знаат овде од Парламентот, од највисокиот законодавен дом колку всушност досега ние потрошивме за промоција на Република Македонија. Колку не чинат двајцата летечки министре без портфељ кои гледаме дека реално трошат, според моја проценка, месечно, барем еден од нив, од 200 до 300 илјади евра, гледајќи каде се се движат. Треба да видиме, ако на тоа се додаде, колку се троши за нивните имоти во САД дали тоа е најдоброто решение за најголемиот проблем, а тоа е како да бидеме атрактивни за странските инвеститори.

Дозволете сега да се задржам на дел од оние работи кои мене лично не ми се допаѓаат. Говоревте отприлика 32 минути почитуван министре, тоа е напишано на стенограм кој, верувам, за разлика од претходниот проблематичен стенограм е верен на она што вие го кажавте.

Ниту еднаш не спомнавте дека ова чудо за кое вие говорите не можевте вие да го направите. Господине министре вие не само што сте универзитетски професор, знаете неколкумина

министри од актуелната Влада тоа го признаа дека ефектите од вашето владеење реално ќе можеме да ги согледаме во 2008 година.

Од сето ова што го читам од стенограмот па цитирам: го напоменавте како амбициозна економска програма на Владата. Постулатите на кои таа почива се дело на претходната Влада. Дозволете да цитирам, вие не направивте реформа во областа на формирањето на претпријатијата. Едношалтерскиот систем беше промовиран на 1 јануари 2006 година, се обидувате сега да ги вмешате и таму прстите, да го припишете дека едно од вашите достигнувања наместо за 5 дена, за 3 дена ќе ги регистрираме фирмите.

Понатаму, дека заради реформите кои се направени во делот на стечајот и ликвидацијата сега побрзо ги завршуваме преструктуирањата. За жал Законот за стечај и ликвидација донесен во претхониот парламентарен состав проект кој го работевме долго со Светската банка, реално плодовите од тие олеснувања кои беа едно од најголемите пречки во оваа трансформација на претријатијата од општествен капитал во приватен капитал го ужива оваа Влада. Или флексибилизацијата на пазарот на работната сила, па се сеќавате какви беа и вашите отпори на сето она што го правеше во претходниот период најпрвин тогашниот министер за труд и социјала Јован Манасијевски па потоа неговиот наследник кој го заврши проектот Стевче Јакимовски. Во овој дел можам да кажам дека вие напротив одите чекор напред со државниот интервенционизам кој почнавте многу да го милувате и со начинот на кој се фаворизира еден од синдикатите. Или велите за подемот на македонската економија голем удел имаат реформите во судството. Мислев дека нема да се обидете да го споменете најнеуспешниот ваш колега во Владата кој дефинитивно е кочничар на судските реформи. Сето ова што го направивме во делот на судските реформи го направивме пред тој да застане на овој ресор. Заради него веројатно мора да бараме и субјективни причини не можеме да ги завршиме едни од најкрупните реформи, а точно заради многу проекти кои следеа по уставните реформи имаме сега многу поефикасно судство, но не е дозаокружено тоа ефикасно судство затоа што не можеме да го докомплетираме Судскиот совет затоа што не можеме да ја завршиме последната алка, а тоа е Јавното обвинителство, Советот за јавни обвинители. Имаме една реформа која може да биде уште поуспешна.

Почитувани пратеници, почитуван колега Славески.

Она што најмногу ми пречи во вашиот некритички основ зошто сметате дека Македонија сега може да направи подем, се податоците кои и денеска ги изнесувате, а тоа се засилните инвестиции кои се присутни во Република Македонија. Со ниту еден збор не се обидовте и вие како премиерот да споменете дека од овие инвестиции кои сега ги спомнувате кои денеска да речеме ги спомнавте почнувајќи веќе од Џонсон Контролс па преку Он Нет која е инвестиција заедно со Словенечките телекомуникации, па преку осигурителниот бизнис односно трансформацијата или приватизацијата, барањата на стратешки партнер на Вардар осигурување па завршувајќи со веројатно тоа што го изумивте во банкарскиот сектор дека исто така имаме инвестиции сето тоа го препишувате на работењето на оваа Влада, а знаете и самиот дека не е така.

Го спомнавте дури и Џонсон Мети кој никако не би можел да го ставите во оваа листа на инвеститори кој придонесе за покренување на македонската економија затоа што знаеме пред некој ден потпишавте меморандум кој треба да биде прва фаза во отпочнување на нивните подготвителни активности.

Но како и да е, јас мислам дека и во ова ваше уводно излагање вие се обидовте да не говорите реално кој беше столбот на македонската економија и во овие први 4 месеци и кои воопшто според моја проценка иако вие нешто друго претендирате ќе биде столбот и понатаму на растот на македонската економија, а тоа е успешното работење на Макстил, на Митал, на Бучим - Радовиш, на Фени Мак и на Саса од Македонска Каменица. Да не спомнувам само сите знаат само два да споменам од овие сега амбициозни чинители на зголемување на економскиот раст на Република Македонија беа возобновени или воскреснаа како Феникс во 2006 година, Бучим Радовиш и Саса од Македонска Каменица. И не гледам дека нешто правите посебно за овие пет крупни компании кои се двигатели на економскиот развиток на Република Македонија да го олесните нивното стопанисување во Република Македонија, туку напротив со државниот интервенционизам кој милувате често да го користите и со проблемите кои сите ги имаат посебно во делот на енергетиката, напротив не овозможувате и понатаму тие да бидат двигатели на македонската економија.

Не знам дали се точни овие работи што вие ги наведовте овде, но веројатно се точни. Вие велите дека сакате за прв пат во нашата транзиција да бидете сигурни дека растот нема да зависи од случувањата на пазарот со кои се соочуваат неколку поголеми и позначајни компании во Република Македонија. Претпоставувам дека мислите на овие 5 и уште 2-3 други крупни домашни компании на кои почива економскиот раст и во овој момент.

Вие говорите за нешто што реално, јас не знам дека го имаме како достигнување во македонската економија, а тоа е информатичката индустрија или индустријата на информатички технологии. Да беше така немаше, почитуван министре, да имаме и една причина д правиме ребаланс на Буџетот. Веројатно ако ни беше толку јака нашата информатичка индустрија, тогаш за овој фамозен тендер за компјутеризација на нашето образование ќе

победеше некоја од овие домашни компании, а не и таму да имаме лоша проекција на Буџетот, пробивање на Буџетот за некаде 17 милиони евра, па и тоа да биде дополнителна причина да правите ребаланс.

Или некритички да спомените зошто го правите овој ребаланс, дека сте обезбедиле, цитирам, поголемо ниво на дивиденда од АД Македонски телекомуникации. Почитуван министре оваа дивиденда само забави, оваа дивиденда е за 2005 година и беше договарано од претходната влада. Фиксен беше износот од 45 милиони кој во 2006 година беше утврден. Вие зедовте само 2 милиони затезна камата, ова што е дополнителна причина за ребаланс на Буџетот никако не е ваша заслуга, туку напротив беше добар повод ако сакавме ние да бидеме деструктивни да ја примениме вашата методологија на напад во секој случај кога има ќар Буџетот на Република Македонија и сега јас овде од говорницата да тврдам, како што на прес конференции, не ги правевте вие, ги правеше оној фамозен кој не знае да испраќа СМС пораки, па дури и премиерот кој тврдеше, ако во претходните години земеме 48 милиони или 47 милиони евра дивиденда, сигурно станува збор за корупција. Но денеска нема да зборуваме за корупција, бидејќи сакаме тоа да го направиме во некоја друга прилика. Се надевам дека ќе не оставите во четврток да поставуваме пратенички прашања, а не да има ваши монолози на тема отчетност на Владата.

Да продолжам понатаму.

Почитуван министре, овде говорите дека сакате да се пофалите дека сте вратиле 170-180 милиони евра. Беше добро да кажете од каде најдовте толку пари во државната каса. Вие сте чуварот на касата, беше доблесно кога велиме дека веќе сакаме да градиме една поинаква атмосфера и преку конструктивен дијалог да ја враќаме довербата меѓу власта и опозицијата. Еднаш чесно да кажете дека тие пари ги наследивте во касата заради успешната приватизација на ЕСМ. Чесно беше да кажете. Вие денеска тоа го одмолчавте. Бевме исправени пред сериозен притисок од вас како опозоционери во таа фамозна 2005 година есента и почетокот на 2006 година кога злоупотребувавте една квази невладина организација да го блокирате Скопје да пропадне најуспешната и најтранспарентната приватизација, а и да ја уништите добрата бизнис клима која се создаваше во Република Македонија во моментот кога добивме статус кандидат за членство во Европската унија. Вие буквално ги спречувавте бизнисмените да дојдат во Владата и да преговараме. Упорно со тие две југа и три шкоди на пет раскрсници во Република Македонија го државте во заложништво секој бизнисмен кој сакаше да прави бизнис. Но, ние тоа нема да го правиме. По тоа се разликуваме. Секогаш ќе кажеме дека ако нешто добро сте направиле тоа треба да се поздрави. Треба да се поздрави финансиската дисциплина која ја наметнавте. Секоја чест на УЈП. Веројатно сте репрезент на една поинаква влада која владее како страхо влада како некој што вели. Веројатно вашата битка по секоја цена да воведете дисциплиниран пристап на финансискиот пазар и дисциплинирањето на оние кои вие сметате дека ја злоупотребиле својата монополска позиција на пазарот довело до тоа вашата борба против организираниот криминал и корупцијата да има превентивно дејство и во овој дел на даночната евазија. Тоа е за поздравување. Но, не знам дали секогаш ќе успеете со репресивни мерки да стигнете до целта.

Јас ќе оставам и на другите колеги да говорат дали единствено финансиската дисциплина, тоа е едната теза, хипотеза, дека придонесе за тоа да имаме натфлања на очекуваното и да имаме 10% повеќе собрани средства од даночните приходи, или можеби станува збор за нешто друго, втората хипотеза ни е што говориме дека всушност и приказната околу рамниот данок и приказната дека има даночни олеснувања, не е така, не е така, дека имате поголем опфат. Ние во неколку случаи говоревме, во вашите законски проекти кога всушност имавте нови основи и поголем опфат на даночни обврзници кои до сега никој пат не биле во категоријата на даночни обврзници. Но, тоа е тама за која ќе разговараме и на почетокот, но секако ќе разговараме и во текот на амандманската расправа. Во секој случај, јас имам сериозни забелешки околу структурата на ребалансот која ја правите. Мислам дека од структурата и тренсферот на средствата кои сакате сега да ги напрви Собранието на Република Македонија, всушност не може да се препознаат стратешките интереси на Република Македонија. Мислам дека на сите треба да ни биде јасно дека во овој момент стратешки интерес и најлесно остварлив интерес на Република Македонија е НАТО. Овде не гледам ништо што би го направиле вие како уште една гараниција плус дека Република Македонија заслужува полноправно членство во НАТО, не гледам никаде, дури и не го користите овој термин што ние го користевме, евроатлански интеграции. Не гледам ништо. Гледам дека имаат амандмани дел од колегите и ќе дискутираат на таа тема.

Не гледам дека нешто сериозно се прави во делот на модернизацијата на Армијата. Тоа е мојата најкрупна забелешка. Мислам дека многу побитно, за иднината на младата генерација е да ја завршевме оваа модернизација отколку да ги градевме спортските сали. Тоа можам да го кажам, бидејќи сум поблизок до спортот и во многу пригоди сум правел многу повеќе за спортот за Република Македонија, отколку што вие сега сакате да направите. Или ако не сакате да ги дадете тие пари за Армијата, за мене е лицемерие да го чекам завршувањето на проектот кој треба да биде дел од приватно јавното партнерство ППП и да изградиме нови училишта, а да не реагираме сега, наместо да градиме нови сали, училиштата каде ќе

поминуваат 9/10 од времето, учениците, не ги доведеме во оние нормални супстандардни услови, или вие уште живеете во оној филм, вие од кое време сте, од 1998 или 1999 година, кога премиерот беше министер за финансии, оној глас на Сенко Велинов кој говори за оној, веројатно, новиот богаташ со големиот мерцедес, кој го носи своето дете на училиште кое нема ни покрив. Ако го правите тоа да се подигне јавната свест, јас верувам дека многу поедноставно вие требаше да покажете дека водите сметка за образованието. Што ќе ни се толку компјутери ако нема децата каде да седат, или ако немаат покрив. Не гледам дека нешто сериозно тука правите, освен маркетиншки. Значи, правите спортски сали и ставате компјутери, а не обезбедувате основни услови таму каде што треба, или тука е повторно проблемот меѓу централната и локалната власт, веќе тема за која сте вие на удар и веројатно бевте затоа нервозен толку време. Почнува. Гледам и овде пишувате. Јас мислам дека логично е да имаме ребаланс заради децентрализацијата, гледам овде дека втората фаза од децентрализацијата не е приоритет на Владата, уште повеќе што се свесни дека 50% од општините вие признавате, иако моите информации се дека се 85% од општините неподготвени заради вашата слаба работа во првата година од владеењето, да се соочат со проблемите на децентрализацијата, а децентрализацијате е еден од клучните столбови да функционира државата. Сепак со ова се покажува дека вие господине минситер не сакате да бидете политичка Влада. Значи, реформите на политичкиот систем, а тоа е децентрализацијата, се клучни за развојот на Република Македонија. Вам децентрализацијата не ви е приоритет. Вие сакате да се однесувате и парите што сега ги префрламе од едно купче во друго, се гледа дека не можете ни вие, половина Влада многу повеќе милува да шета под плаштот на презентација на Македонија и да потроши повторно 12 милиони евра. Не знам дали се овие 12 милиони евра и за Џонсон контрол, државната помош. Ќе ставам една ограда дека овие 12 милиони евра не се само за шетање односно промоција, како што беше последната промоција на тимот Македонија што за мене е сосема погрешно. Значи, апсолутно, ако држиме до дигнитетот да државата, не смее премиерот на државата да оди во некои комуни, не смее да оди во предградија на Наполи и Лече, не смее да се појавува во Бриндизи, со 20-30 стопанственици. Тоа не е работа на премиерот. Измислени се работите и затоа тапкаме во место. Така ќе потрошите, значи со овој просек ќе потрошите за 4 години 80 милиони евра, а нема ни една инвестиција. Еве кажете ми, од тоа тука што сте го напишале, која е инвестицијата на ВМРО-ДПМНЕ во изминатите 12 месеци, има ли инвестиција што ја донесе ВМРО-ДПМНЕ. Жалам што нема. Јас ќе се радував и ќе поздравев, да имаше. Нема. Дури вчера, срамежливо се споменува, се отвори третата бензиска пумпа на Лук Оил, таа е третата од 4-те локации кои ги додели Владата на претходната владеачка гарнитура пред година и пол. За 12 месеци ниту една локација не доделивте за да го развиваме бизнисот, да ја правиме подобра бизнис климата. Гледам дека овде, мислите вчера ако се појавите сите, ќе зборите дека, еве го сечилото на гилотината во Катастарот, ќе ги намалиме трошоците, ќе се средат работите. Не се средуваат. Тоа е процес. И да сакаме да ги имплементираме сите стандарди за модерен Катастар, за устројување за повеќе од 55%, колку што сега се евидентирани можностите, ќе треба време. Јас мислев дека тука ќе бидете по критични и ако сакаме веќе од Македонија да правиме атрактивна бизнис дестинација, дел од парите наместо за екскурзии, промоции, ќе беа за зајакнување на капацитетите на државната администрација, а овде зачудувачки можеме да најдеме податоци, веројатно заради лошата проекција. Некаде се намалуваат средствата кои ги имаме за државната администрација и за правосудството, а се китиме дека тие ни се најбитните реформи. Да не бидам сега малициозен, но ќе можете да погледнете дека во ставките што ги имате, еве да речеме симболично, ако ни е толку битна реформата во правосудството, не може од ставкат 07001 на Министерството за правда, каде имаме реконструкција и опремување на јавните обвинителства, затоа што имаме прво за Јавното обвинителство и овие скромни 1 милион денари да ги направите нула. Тоа е на страна 156 од вашиот предлог за ребаланс на Буџетот. Или да не одам понатаму, да гледаме фантастични суми за нешто што уште еднаш тврдам дека може поинаку да биде регулирано. Ако веќе го промовираме ППП, јавното приватно партнерство, па за северната трибина не треба сега да трошиме 150 милиони денари. Можеме на овој принцип за безпари, ако им ветите дека под трибинскиот простор ќе биде деловен простор на некои од заинтересираните ќе го завршите тоа. Зошто ги ставате овие 150 милиони денари за северната трибина кога имаме многу поприоритетни проекти, но веројатно како за многу други реформски потези зад кои се кријат некои други интереси од лукативен карактер, веројатно и тоа е причината.

Значи, почитуван министре, не спорам дека ребалансот беше нужен, не е нужно зло, беше нужен и добро е што се прави. Но, мислам дека начинот на кој се прави ребалансот и барањето приоритет на дел од проектите кои вие сметате дека веројатно се дел од вашиот проект за преродба за Македонија во сто чекори, добиваат поголем приоритет од државниот. Би сакал вас да ви го кажам тоа што се обидувам да му го кажам на премиерот, но тој не доаѓа тука во Парламентот.

Господине Славески вие не добивте мандат и со овој ребаланс да обезбедувате средства за реализирање на преродбата во сто чекори како партиска програма на ВМРО-ДПМНЕ. За таа програма гласаа 307 илјади гласачи, 17% од

населението на Република Македонија. Другите 83% сакаат економски раст и други приоритети. Сакаат да ја приближите Република Македонија кон Европа и НАТО. За тоа парите можат поинаку да се потрошат.

Јас тврдам дека од овие пари кои сега ги обезбедувате за новите две економски зони можевме многу поефектно да ги потрошиме. Нема потреба заради притисокот што го имате во Владата затоа што ако не сакате да слушнете дел од забелешките што доаѓаат од ДУИ за начинот за кој ги дистрибутирате средствата од централно ниво за рамномерен регионален развој, каде што од авион се гледа дека немате пристап кој треба да го обезбедите тој рамномерен развој, се обидувате сега затоа што знаете дека треба да се развива поранешната слободна економска зона Бунарџик, дека треба да направите нешто и во Западна Македонија. Но, веднаш правите баланс како да имаме толку многу инвеститори, ајде уште една инвестиција ќе правиме во Штип. Нема потреба, нема потреба затоа што знаете дека толку странски инвеститори заинтересирани немаме. И апсолутно не може да се случи таков бум и таква индустрилизација на Република Македонија за толку кус период. Само ќе ги заглавите парите затоа што евидентно дека не ви се решени имотно правните односи ниту за една ниту за другата зона. Тоа посредно го признавате и со тоа што правите ребаланс на некои од ставките. Да речеме, бидејќи сте преокупирани со минатото и со изградбата на многу музеи и на многу работи, гледате дека динамиката на реализација на проектите не може да оди така како што очекувате, ниту овде стариот објект Офицерскиот дом, ниту старата зграда на МНТ не оди со таа динамика, па гледаме сега префрлате од едно купче на друго, не се средени имотно-правните односи и ние наместо таму да стимулираме со овој ребаланс да завршат повеќе тие реформи реално да направиме нешто повеќе вие и понатаму сте заложник во преродбата во сто чекори на таа партиска програма, отколку на стратешките интереси на Република Македонија.

Инаку, генерално уште нешто би споменал. Јас сум зачуден како и во овој ребалансиран Буџет доминираат ставки каде не можат да се препознаат инвестиции. Значи, не инвестициските ставки се по груба проценка над 80% причина за ребалансот на Буџетот. Што се крие зад овие фамозни договорни услуги се обидувате овде нешто да ни објасните, но докрај не можам да разберам дека може да има толку долгови во делот на стасаните, а неизмирени обврски што се обидувате во една од причините овде да го најавите, демек подмирувате доспеани обврски особено во делот на комуналните долгови што ги имало судството, високото образование, долгови околу Самитот на НАТО и претседавањето во ОН, од страна на претставниците. Кога направивме долгови? Јас мислам дека сега почнуваме и не верував дека направивме долгови, освен ако се некои долгови за кои имаше шпекулација на начиот на кој претходно се правеше промоцијата, или стои тоа дека некои претходно без основ ја правеше промоцијата на претседавачот. Мислам дека во вашето образложение, на страна 4, треба самите да ревидирате. Јас знам дека имаше некоја одлука 1 милион евра да потрошиме за промоција на господинот Срѓан Керим како фаворит на Македонија, да биде претседавач. Не знам дека сме направиле. Испаѓа дека сме направиле повеќе од 1 милион евра. Треба да видиме на што се должи тоа, да нема повторно нови шпекулации, бидејќи јас се плашам, не можам да прочитам, времето ќе покаже дека овде некаде треба да го најдеме изворот на финансрањето на исклучително скапите кампањи кои до сега ги правевте, а транспарентно не дадовте отчет, дали е точно дека за првата година од владеењето се потрошени 12,5 милиони евра за промоција на Владата. Не знам. Веројатно, меѓу доспеаните обврски, вака е многу едноставно кога се прави ребаланс нешто да се протне затоа што има такви обиди. Не транспарентни се образлагањата. Да речеме иако јас сум учествувал до сега во правењето на неколку Буџети, како претседател на Владата и како министер во поранешните влади, но да ставиш на сметка како што е оваа 09003 на Царинската управа, за други нефинансиски средства да зголемиш од 0 на 75 милиони, не сум забележал, не познавам таков термин. Кои се овие некои непознати, нефинансиски средства што треба 75 милиони да дадеме на Царината. Мислам дека со вакви пропусти изобилува овој Предлог ребаланс на Буџетот.

На крајот да завршам. Имено, сметам дека низ една конструктивна расправа ќе дојдеме до многу подобар ребаланс на Буџетот. Мислам дека ќе се прекрши на ребалансот на Буџетот и владеачкото мнозинство, онака како што дел од владеачкото мнозинство се прекрши на Деловникот и за прв пат ќе демонстрираме дека во Парламентот може да се спротистави на Владата, посебно што сите ние сме, барем декларативно, за стратешките реформи во нашата држава. Верувам дека со овој ребаланс ќе направиме многу повеќе за оние сегменти од нашето општество што сметаме дека со овој ребаланс се на маргините. Тоа се пред се реформите во земјоделието, реформите во здравството, реформите во Катастерот, реформите во судството односно зајакнувањето на капацитетите на државата да го промовира владеењето на правото и конечно вистински реформи во образованието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути за господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас сакам неколку работи што ги изнесе господинот Бучковски да ги коментирам или да побарам објаснување и тоа сакам да реплицирам

околу две негови оценки. Прво, околу тоа дали во Република Македонија имаме политичка стабилност или стабилност која е битна за странски инвестиции и за развој во целина и втора работа околу судските реформи. Мислам дека тие две прашања, без разлика што не се директно врзани за Буџетот, но мислам дека секое прашање на еден или на друг начин може да се поврзе и да се разговара, кога се разговара за Буџетот.

Прво, околу судските реформи дали ги кочи некој во Република Македонија. Мислам дека Владата има искрена намера да ги забрза реформире, има искрена намера и во парламентарното мнозинство реформите да завршат, да почне имплементација на сите закони кои се донесени, меѓутоа главен кочничар околу овие реформи се токму партиите од опозицијата, бидејќи знаеме дека за носење на Законот за јавото обвинителство е потребно двотретинско мнозинство, а исто така и за избор на Судскиот совет, за петте членови исто така е потребна подршка од пратениците кои се претставници од помалите етнички заедници. Така што тука околу реформите во судскиот систем треба да се отвори расправа за да видиме точно дали некој ги кочи и кој ги кочи овие реформи.

Околу политичката стабилност, мислам дека, се согласувам со господинот Бучковски дека е битна политичката стабилност за странски инвестиции. За инвестирње или владеење на правото исто така е битно. Но, кој во Република Македонија 8 месеци се обидува да создаде политичка нестабилност, дали ние имаме реални елементи за политичка нестабилност или пак имаме обид да се создаде ена вештачка нестабилност која ќе биде презентирана на убав начин и пред домашната јавност и пред странските меѓународни фактори се со цел да се прикаже дека во државата има политичка нестабилност. И на крај, мислам дека е добро господинот Бучковски да наброи неколку елементи кои ја прават Република Македонија политички нестабилна, еден реален елемент или состојба, тогаш можеби ќе има и поинаква расправа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Значи, станува јасно дека полека но сигурно ќе мора да ја вратиме дебатата во Парламентот за да сите изградиме стратегија што значи Македонија да биде атрактивна бизнис дестинација, ако сите сакаме да направиме нешто повеќе.

Како прво, се сложи посредно пратеникот Трајанов, дека без завршување на судските реформи ретко кој од странските инвеститори ќе дојде во држава, каде што не е гарантирана како прво приватната сопственост. Тоа е несредениот катастар. Како второ, каде што нема ефикасна заштита на приватната сопственост, а тоа е незавршените судски реформи кои се заглавени, по мое длабоко убедување, заради обидот да се партизира Судскиот совет. Тука не може да помогне опозицијата, тука е проблемот и за двојното мнозинство и за Бадентер. Потоа, за политичката нестабилност, дефинитивно не може да биде обвинета опозицијата. Бегањето на премиерот од соочување со пратениците, иницијатива која ја почитувам, пратеник Трајанов и вие ја потпишавте, според мене ќе биде првиот чекор да демонстрираме дека можеме да говориме како да демонстрираме политичка стабилност.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправата. Благодарам.

Има збор пратеник господин Герамитчиоски Тале. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседател, почитуван министер, колеги пратеници.

Јас ќе се обидам на што поедноставно ниво, заради јавноста, без користење на силни бројки и фрази да се обидам да поставам неколку прашања, кои што верувам ќе бидат појасни и за пратениците и за јавноста, а се поврзани со Буџетот. Тоа излагање, како што и ребалансот на Буџетот е даден во приходната и расходната страна, така би го поделил. Значи, на почетокот морам да се пожалам што на една од комисиите за транспорт и врски, каде што имавме прилика да слушнеме воведно излагање од претставниците од Министерството за финансии, не беше даден дециден одговор на клучното прашање, на втората комисија на која присусдтвував, за жал, не заврши, бидејќи кворумот беше дискутабилен, но јас би сакал да слушнам од вас појаснување и за јавноста и за пратениците, кое што верувам би било навистина интересно.

Значи, на страна 10 во приходите на Буџетот сте дефинирале дека повисокото ревидирање на вкупните приходи се должи на ревидирањето на неданочните приходи, кои се планирани во износ од 12,794 милони денари, а пред се, поради повисокото очекуван ниво на дивидентата од АД “Македонски телекомуникации” во однос кои се планирани во износ од 12.794 милиони, околу 20-тина милиони евра.

Прашањето кое што го посвивме до заменикот министер кој тогаш беше, дали во овој ребаланс на Буџетот се опфатени дополителните 27 милиони евра, кои што со Одлука на Управниот одбор на АД “Македонски телекомуникации” е евидентно дека за дивидентдата 2005 година ќе бидат уплатени или со фаза на уплаќање, што значи дека на нив може да се очекуа. Го поставивме тоа прашање пред да ги добиеме можностите и да ги редефинираме нашите предлози во амандмани. Одговорот беше, јас би сакал да го слушнам и од вас, дека 20-те милиони се планирани и се проектирани во овој Предлогна буџет, додека 27 милиони не се, што е значително висока сума со која што може оперативно да се манипулира во повеќе сектори. И, тоа значително го менува барем лично мојот

став кој овој Ребаланс на буџетот или дали после уплаќањето целосно на сумата се очекува до завршното ребалансирање на Буџетот за 2007 година да се интервенира со тие средства или се проектираат во овие дополнителни 5 милијарди денари, кои што како приход се остварени. Не добивме конкретен и дециден одговор, добивме во кој што не беа баш сигурни, значи би сакал тоа доколку осетите за потребно да го доелаборирате.

Понатаму, во вашето експозе во приходната страна каде што зборувате за порастот од 7% кој што на бруто општествениот производ на кои показатели пред се должи, значи растот се должи на следните фактори.

Еден, силна инвестициона активност.

Два, за кој што би сакал да дебатираме или да слушнам од вас мислење, постои силен раст на личната потрошувачка и ви стои: “Порастот на личната потрошувачка е поддржан и со пораст на кредитирање на населението до околу 46,4% во првите пет месеци од 2007 година, во однос на истиот период од минатата година, што е целосно покриено со депозит, со порастот на депозитите на населението односно порастот на штедењето”.

Значи, моето прашање е следното, кој е вашиот став по однос на оние информации дека личната потрошувачка бележи доминантно висок пораст после воведување на платежните картички, или укинување на граѓанските чекови, во кои што, според неофицијални податоци има силен пораст на презадолженост на населението кон банките, делумно заради слабата информираност или невешто управување со платежните картички, каде што заради комерцијален интерес на банките при склучување на граѓанските договори се даваат услови кои што не секогаш транспретно и доследно се презентирани пред населението или тоа, заради да кажам слабата едуцираност, прејак збор е, бележи, значи би сакал да го слушнам од вас тој коментар, дали имате анализа, дали имате увид. Јас знам дека не може да биде точна, бидејќи банките на крајот на годината претпоставуваме дека ќе дадат една слика на презадолженост на населението. Но, како потврда на ова е највисок раст во првиот квартал на 2007 година е остварен во секторот трговија со пораст од 13,7 или 20% пораст во однос на просекот. Јас верувам дека ви е познат фактот дека има силна потрошувачка. Нормално дека во трговијата ќе се осети страшна инекција во тој дел, бидејќи презадолженоста драматично расте. Моето исто така едно прашање е, кое што верувам доколку осетите потреба да го коментирате, дали Владата или вие како министер чувствувате мала загриженост заради вакви трендови кај населението и дали тој тренд ќе биде, ќе го достигне плафонот на почетокот на септември, кога општо е познато дека потрошувачката достигнува максимален пораст, заради набавка на греењето или пдготвување на зимници, почетокот на школската година итн., што значи нараснати потреби или зголемена потреба од семејната кошничка која што е повисока во тој дел на годината. Значи, дали во тој сегмент ќе очекувате силни проблеми. Јас ова така го толкувам, незнам можеби вие од поинаков агол ќе го елаборирате тоа. Велите дека тој пораст е покриен со депозити или штедење, зголемено штедење на населенито. Дали имате ориентациони показатели кај колкав процент на населението е зголемено штедењето и дали тој процент на население е виза ви оној процент на население кое што силно троши, може да се покрие. Или со поедноставни зборови кажани, можеби ќе имаме мал процент на населението, кои што на своите конта ќе имаат добра заштеда, но ќе имаме драматично висок процент на населението, што завлегува во онаа голема бројка на сиромашни во населението. И покрај тоа што се вработени, заради зголемената лична потрошувачка.

Исто така, кај приходната страна јас би прашал дали очекувате, со оглед на тоа што се воведоа неколку нови даноци, зголемување на ефектот на приходната страна од даночната страна до крајот на 2007 година и каква е таа проекција на Министерството за финансии до крајот на годината, дали можеме да очекуваме со ова ниво на наплата на даноците кои што сега го презентирате.

Во делот на расходната страна, вашите колеги од сферата на економијата, експерти или стручњаци потенцираат преку интервјуа или нивни лични мислења и ставови, дека се губи ретка прилика во овој домен кога се евиденти зголемените приходи во Буџетот да се засили развојната компонента на Буџетот преку зголемување на капиталните инвестиции, или вложување во инфраструктурата.

Моето прашање е зошто оваа Влада не инвестира дополнително во инфраструктурата или да бидам поконкретен, зошто не во патната инфраструктурата. Не зборувам напамет, ова прашање го поставивме на Комисијата за транспорт и врски, баравме од Фондот за патишта да ни биде доставена Предлог програмата која што Владата ќе ја разгледува. Бидејќи ние како пратеници сме хендикепирани, не можеме да дискутираме по конкретни проекти, доколку немаме увид во некои сегменти на Фондот кој што работи, а тие се донесуваат во владина програма и ние тоа ќо прочитаме само во “Службен весник”. Ни беше даден увид и видовме одредени предлози, кои што Фондот во овој сегменет ги има зацртано и ги има дадено како предлог со одредени суми и морам да признам дека тие суми во тој сегмент, познавајќи ги реалните состојби, навистина не да се недоволни, туку во некои сегменти се и смешни.

Значи, ќе наведам неколку клучни инвестициони проекти за кои што поставувам прашање зошто оваа Влада не пристапува.

Прво, значи патниот правец Градско - Прилеп, или третата, доизградената трета лента на превојот Плетвар. Значи, јас верувам дека нема

потреба да се елаборира од колкаво значење е тој правец и за идно инвестирање или рамномерен регионален развој за оној кој што барем Владата декларативо се заложуваше и преку закононот кој што овде го дебатиравме, незнам 10-тина дена - Закон за рамномерен регионален развој. Значи, влегување на странски инвестиции е силно потребно да се поддржи и со соодветна инфраструктура. Имајќи предвид дека тоа е најцрната точка од аспект на јавна безбедност на патиштата, или статистички гледано колку жртви во текот на една година има на тој патен правец, се поставува прашањето зошто кога имаме дополнителни 27 милиони евра од дивиденда на “Телеком” не се користи оваа прилика да се инвестира во инфраструктурата. Или, ајде од помал размер, јасно е дека приклучокот на автопатот кон патниот Е-75, значи Скопје - Гевгелија, на делот после наплатната рампа, значи кај Градско, на прилучување кон патниот правец Росоман - Градско - Прилеп, таа клучница, таа клучка на која што треба сообраќајно евидентно да биде поинаку решено приклучување и каде што постојат огромен број на несреќи кои што не може секогаш со пари да се компарираат тие погодности, средствата кои што Фондот ги предлага се навистина смешни и недоволни. Има ли намера оваа Влада да го реши тој проблем или нема. Ако има, тогаш инвестирајте како проект и нека се симне од дневен ред.

Или, патниот правец на Радовиш - Струмица за кој што верувам дека голем број на пратеници има поднесено амандмани кои што вреди да се инвестира или до завршување на автопатот Д-75, значи до Гевгелија кај Удово до Демир Капија, на тој потег, како и кога тој конечно ќе биде решен. Значи, имаме средства, суштинско прашање е зошто не се инвестира доволно од тој вишок на приходи во патната инфраструктура.

Слично такво прашање и во железничката инфраструктура. Владата излезе со предлог притисната и од потребата за имплементација на новиот закон, значи за железниц, во кој што “Македонски железници” треба да се преструктуира, да се подели, во кој што инфраструктурата останува на државно ниво.

Има ли Владата план, ние кога го разгледуваме Ребалансот на буџетот по пооделни ставки и предлози не видовме некој посебен интерес во инвестирање на железничката инфраструктура, барем на оние правци на кои што се започнати меѓународно поврзување на Република Македонија на коридорот со јужниот сосед, на коридорот со источниот сосед, зошто не се инвестира во тој дел.

Вториот дел енергетскиот сектор. Значи, во неколку наврати овде имаше жестоки дебати и при носење на Ребалансот на буџетот во 2006 година во декември и при носење на новиот Буџет за 2007 година, зошто Владата интервенира со инекција кон МЕПСО, за дополнителни средства заради претпоставена енергетска криза. Евидентно е дека низа години напред, ние ќе се соочуваме со условно кажано енергетска криза. Не само ниеи целиот регион. Зошто не се пристапува посеризоно како држава кон овој проблем и да се инвестира во енергетскиот сектор. Значи, не би зборувам напамет, јас не верувам дека се сеќавате кога се носеше Буџетот во 2007 година, јас дадов еден амандман во Министерството за економија, навистина со симболична сума, значи во делот на одржлив енергетски развој сумата беше предвидена од 2 милиони денари. Јас предложив уште 2 милиони денари и вие го прифативте. Ако сега видите во Ребалансот на буџетот за таа ставка ќе видите нула. Министерството за економија не било способно да препознае што со овие средства, или биле премалку, не ги искористиле, или сте им ги одзеле и јас има давам нула шанса еве, нов амандман ќе дадам со нов предлог од 14 милиони денари, во кој што треба да се инвестира во проекти во кои што државата ќе финансира алтернативни извори на енергија секаде каде што се вложува во науката во тој дел. Впрочем, ако гледате на приоритетите на седмата рамковна програма за наука, ќе видите дека една од силните програми е енергетиката или алтернативни обвновливи извори на енергија. Јас го слушав вашиот вицепремиер Ставревски, каде што во Битола го пушташе новиот далновод со Грција, каде се пофали дека ние ќе бидеме значаен фактор во дистрибутивниот систем, а од друга страна не гледа заложби барем со проекција, а постојат дебати, постојат позитивни трендови. Биогоривото како алтернативен извор, постои ли од страна на државата волја за преку проекти, барем со проекти елаборати, анализи и овие средства за тоа се предвидени. Се разбира дека не може преку ноќ да се решава, ќе се оди чекор по чекор да се видат постоечките ресурси во Република Македонија дали се доволни, дали може да се стимулираат земјоделците преку засадување на култури за био гориво, значи како суровина за био гориво, во идниот период да се преориентира земјоделското производство во Република Македонија. После ќе се навратам на тоа, ако тутунот не ви е повеќе стратешка гранка, или немате намера да субвенционирате, кажете го тоа, кажете им го на јавноста да се преориентираат кон други суровини кои што ќе бидат користени преку овој алтернативен извор, во кој што цел свет дебатира.

Јавноста е неподелена во иднината на задоволување на потребите на енергетскиот сектор преку зголемување на производството на биогоривото и премиерот Груевски отиде на отворањето на новиот погон на Макпетрол кој го осетил тој тренд и отвори нова постројка со капацитет од 30 илјади тони на годишно ниво.

Значи, тука недостасува препознатлива стратегија на инвестирање на оваа држава, барем преку проекти, анализи, студии, елаборати, што во тој сегмент.

Исто така тука недостасува спрега со науката за која верувам дека сте лично заинтересирани,

бидејќи доаѓате од тој дел. Тука податоците се катастрофални.

Значи, сега сакам да зборувам за науката.

Добро ви е познато дека во сите буџети дојдовме до поразително ниво од 0,24 - 025% од бруто општествениот производ на издвојување за наука. На најдолно ниво сме во регионот, а камо ли во Европа. Јас знам дека не сте виновни вие, но вие сте претставник на Владата, дали сте разговарале за алармантниот показател вие како министер за финансии верувам дека имате увид. Дека на ниво на Министерството за образование и наука разделот наука само 5% од средствата за 2007 година се потрошени во делот на научно истражувачките проекти. Значи, тонеме забрзано, се подлабоко, а препораките на Европската комисија и на министерските конференции е земјите членки на Европска унија постојано процентуално да го зголемуваат износот за наука во однос на бруто општествениот производ додека не постигнат до 1% од бруто општествениот производ, се разбира скалесто, чекор по чекор.

Ме интересира, барам ваш коментар, а се надевам дека ќе го добијам, дали оваа Влада има интерес нешто да преземе во тој домен. Дали ќе се зголеми тој процент, барем за оваа година, искрено се надевам дека ќе има исчекор повеќе, но ова што последните показатели при летимичен преглед, само 5% од средствата за научно истражувачки проекти се искористени, покажува дека во тој домен во Министерството за образование и наука не постојат капацитети ниту менаџерски способности и постоечките средства кои сте им ги доделиле навремено да ги потрошат. Како земја кандидат, верувам дека тоа ви е познато, и со аплицирање во седмата рамковна програма нашите научници ќе можат да ги користат тие пристапни фондови само ако како држава аплицираме со соодветен приход. Во наше време побараа милион евра за членство. Хрватите добија понуда во висина од 3 милиони евра да аплицираат како држава за да можат да добијат повраток на тие средства преку соодветни проекти. Кај нас сеуште постои колебливост, бидејќи научниот потенцијал не е анимиран ниту координиран за да може да одговори на овој предизвик.

Во делот на образованието. Значи се поставува прашањето, таму има еден исклучително важен проект, проект наречен модернизација на образованието кој што е поддржан со кредит од Светската банка и со грантот од Холандската влада, во кој што и Министерството за финансии учествува во постојаниот мониторинг на трошење на средствата. Таму, почитуван колега постои потполн застој последната година. Значи тотален застој во менаџирањето на тој проект и би требало како минстер за финансии да ве загрижи тој податок, бидејќи ќе достигнат кредитите, обврските, а целта за која што тој проект била воспоставена, се губи. Значи, како резултат на слаботo менаџирање на тој проект Холандската влада која што изрази спремност да даде грант во висина од 6,5 милиони долари за поддршка на инфраструктурните објекти во мрежата на образованието ја повлече таа понуда. И тоа би требало да ве загрижи.

Се поставува прашањето од една страна барате нови кредити или нудите нови проекти за инвестирање во мрежата, а од друга страна грантовите заради неспособноста во менаџирањето ги губиме од сугестивни причини. Како држава губиме многу.

Во делот на основното образование, значи капиталните инвестиции се задржани на исто ниво со онаа владина програма која што е предвидена со години station наназад. Ако сте вовеле и за тоа дебатиравме стапка од 505 милиони која што сега порасна на 783 милиони денари за купување на информатичка опрема во училиштата, се поставува следното прашање зошто сте дозволиле или зошто со какво право Владата оние 1500 компјутери, кој што од кинеската донација дојдоа исклучиво со намена и за тоа е потишан протокол со кинеската амбасада со Кинеската влада за тој грант да бидат пренаменети за интернет кафињата за кој што имате забелешка од УСАИД кои што дадоа грант за поврзување на таа информатичка опрема. Очекувате дека вие ќе купите со тие средства други компјутери, а постоечките ги пренаменувате за друго нешто? Мислам дека проектите јавно и транспарентно популистички ги манифестирате пред населението, а при менаџирањето има страшни недоследности.

Се поставува суштинското прашање. Тука донесовме измени на законот за средно образование во кој што средното образование стана задолжително. Зошто со ниту еден единствен денар не го појачавте средното образование кога се очекува страшни проблеми при подобрување на инфраструктурните услови за одговор на предизвикот за средно задолжително образование.

Зошто, и покрај амандманите кога беа поднесени при донесување на Буџетот за 2007 година, ви беше посочено дека и за средното образование треба да има соодветна информатичка поддршка. Ни денар од тие средства кои се предвидени за таа силна бројка на компјутери не е предвиден за средното образование. Зошто? Зошто не се дава за средното образование?

За високото образование, донесовме закон со кој се основа четврт државен универзитет. Во вашето експозе кажавте дека 200 милиони денари се предвидени средства за тој универзитет. Јас би ве замолил, доколку почувствувате потреба, да елаборирате, да биде појасно и за нас и за јавноста дали тие средства се предвидени за плати и надоместоци на плати на голем дел на извршители кои сега ќе се јават и материјални трошоци кои неминовно се потребни или тука има дел за капитални инвестиции, градба на одредени објекти или адаптација на тие објекти во градовите каде ќе

биде сиперзиран тој четврт универзитет кој јавно го прокламиравте во Кочани, Струмица и Штип.

Во делот на земјоделието, во вашето експозе кажавте дека се предвидени зголемување на субвенциите за производителите на пченица за 50% односно за 55 милиони денари како одговор на неповолните временски услови кои влијаат врз намалување на приносите.

Моето прашање е, дали предвидувате дополнителни средства за субвенционирање на тутунопроизводителите? Дали оваа Влада има направено стратешки план, дали ќе ги поддржи тутунопроизводителите кои се навистина огромна бројка во Република Македонија преку субвенционирање или нема да биде третиран тутунот како берзански производ иако премолчано секоја Влада добро и доаѓаа средства, мислам девизните средства кои во висина од 20 до 25 милиони долари секоја година капнуваат, бидејќи како берзански производ на овој или на оној начин се продава на светската берза на странскиот пазар. Сметам дека тоа ќе ги интересира тутунопроизводителите, но општо би сакал, еве да го повторам тоа прашање, дали оваа Влада има стратегија во делот на земјоделието за пренамена на култури во оној сегмент кој претходно го потенцирав алтернативен енергетски обновлив извор на енергија биогоривото како нов тренд во кој ќе бидае потребно користење на суровини, ресурси, за да можат. . . Знаете, битолскиот регион долги години наназад беше познат производител на шеќерна репа. Заради непланското или избрзаното менаџирање во тој сегмент, тој примат се изгуби, земјоделците од тој регион имаат изгубено интерес за производство на шеќерна репа. Сега шеќерната репа се користи како суровина, како ресурс за биогоривото. Добра причина за една подлабока анализа која ќе биде финансирана од страна на државата да им се помогне во овој час поскоро на земјоделците пред есенската сеидба да се види дали ќе се преструктуира македонското земјоделство во овој сегмент.

Постојат повеќе прашања, верувам дека голем дел од колегите пратеници кои се јавени за дискусија, јас чувствував потреба да ги поставам овие прашања во овој сегмент, се надевам дека министерот Славески ќе осети потреба барем во еден дел да одговори. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Во меѓувреме се јавија пратеници претпоставувам за реплика.

Три минути реплика за господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам потпретседател, почитуван министер,

Мораше да реплицирам на излагањето на господинот Тале Герамитчиоски бидејќи да не знаевме од каде доаѓа, каде работеше господинот Тале Герамитчиоски некако би можеле да ја прифатиме неговата дискусија. За негова жалост сеуште сите добро паметиме од каде дојде особено граѓаните од Прилеп.

Господине Герамитчиоски, вие толку добро менаџиравте со инвестициите во образованието, особено во основното и средното како заменик министер така што ве уверувам цел Прилеп ќе ви биде вечно благодаран затоа што ги реновиравте сите основни и средни училишта почнувајќи од инвентарот преку компјутеризацијата која ја спроведовте буквално во сите училишта, па до модерните санитарни јазли кои ги направивте во овие училишта особено оние во селските средини.

Уште еднаш благодарност до господинот Тале Герамитчиоски бившиот заменик министер за образование.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ја прифаќам благодарноста, навистина се направија тие работи и доколку колегата не знае што е направено нека добие увид во Министерството за образование и наука, нека види каде е се инвестирано и вложувано во училиштата во Прилеп ќе добие појасна слика, а вака мислам дека има заборавено, помина една година откако не е на митинг, заборавил каде се наоѓа и во кој сегмент и во кој правец треба да дискутира.

Немам други коментари.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Точка на дневен ред на денешната седница е Предлогот за измена и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година. Искрено очекував во настапот на министерот како една од главните причини за ребалансот да биде потребата од продолжување на процесот на децентрализација во Република Македонија. Но, министерот одбра во својот настап да даде приоритет на наводно големите постигнувања кои ги постигнала Владата во делот на економскиот раст и на прибирањето на даноците во државата, што можеби е неспорно, но во принцип мислам дека главен мотив за донесување на овој ребаланс на буџетот сепак требаше да биде процесот на децентрализација и подготовката на буџетите на општините кои исто така треба да извршат ребаланс врз основа на проекциите кои ќе ги добијат од Владата на Република Македонија.

Но, како и за многу други работи, повторно за Владата беше битна формата, а не содржината на излагањето на министерот и во таа насока тој се обиде да не убеди дека во Република Македонија навистина ситуацијата е многу подобра од онаа што реално ја чувствуваат и

секој ден ја живеат граѓаните на Република Македонија.

Ќе се обидам во своето излагање дел од наводите на министерот да ги прокоментирам, а исто така да дадам свои мислења за она како јас мислам дека требаше да се изврши овој ребаланс на буџетот, кои би требало да бидат приоритетите на Владата.

Прво, во делот на приходите би сакал да прокоментирам, министерот ни објасни дека една од главните причини за ребалансот на буџетот е повисоката наплата кај сите тн., изорни приходи на буџетот, како што се персоналниот данок на доход, данокот на добивка и главниот полнач на буџетот данокот на додадена вредност.

Знаеме дека кога се носеше законот за измени и дополнувања на Законот за овие два даноци, персоналниот данок на доход и данокот од добивка, тогаш министерот не убедуваше дека ќе се изврши намалување. Но, сведоци сме по примената на овие измени и дополнувања и тн., намалување всушност со проширување на даночната основа во голем дел се зголеми даночното оптоварување кај фирмите и сега тие по основ на персоналниот данок на дохот, бидејќи се воведоа и некои други категории како обврска за плаќање што претходно беа ослободени фирмите, фактички плаќаат во вкупна маса повеќе данок отколку што плаќаа претходно и по тој основ веројатно, ако министерот има показатели, би било добро да испадне по тој основ колку повеќе пари се собрани за да може пореално да се претстави.

Во однос на данокот на добивка каде Владата најмногу се фалеше дека има натфрлување од 51,4% кај наплатата на данокот од добивка.

За оние кои можеби не се добро запознаени како се наплаќа данокот на добивка, ќе биде потребно да кажеме дека данокот на добивка се наплаќа во текот на годината аконтативно, врз основа на данокот на добивка остварен во претходната година и по поднесувањето на завршната сметка фирмите се должни да направат даночен биланс во кој што во рок од 30 дена треба да ги исплатат обврските по основ на данокот на добивка. Значи, во најголем дел ваквото драстично зголемување на наплатата на данокот на добивка во принцип се должи на законската обврска на фирмите во Република Македонија, во текот на месец март да го платат данокот на добивка и како основа за плаќањето на данокот на добивка до тој период, служи добивката остварена во претходната година. Значи објаснувањата на министерот Славевски, дека врз основа на овие високи проценти на наплата на данокот на добивка, дека може да зборуваме за некое многу позитивно работење на фирмите не држи. Едоставно не е вистина. И бидејки најголем дел како што кажав овој данок на добивка, обврската за плаќање стасува во месец март и тогаш фирмите треба да го платат, и логично е што во овој период имаме драстично зголемување на приходите по основ на данокот на добивка. И затоа немаше потреба ова да се претставува како многу голем успех на Владата, бидејки се должи на редовното работење и на законските обврски на претпријатијата во Република Македонија.

Но, за овие работи можеме да дебатираме во секое време, посебно за данокот на добивка и министре мислам дека тука непотребно се пофаливте дека навистина толку тргнал бизнисот во Република Македонија, што фирмите почнале позитивно да работат и наеднаш почнале да остваруваат толку големи профити што во Буџетот се зголемиле приходите по тој основ. За жал вистината не е таква каква што вие се обидовте да ја претставите.

По однос на приходите, инаку да кажам добро е што се исполнија проекциите кои што првично беа проектирани со Буџетот кога беше донесен на почетокот на годината, и добро е што кај дел од нив освен овие кои што се должат на така кажано сезонскиот начин на наплата на некои од приходите има одржување на нивото, а кај дел од нив има и зголемување по однос на наплатата.

Но, повторно ќе кажам зголемените приходи за жал Владата, во делот на расходите повторно не ги алоцира или не ги наменува за трошење на работи кои што навистина ќе допринеат во Република Македонија да се оствари економски рст и навистина граѓаните да почувствуваат подобрување на животниот стандард и намалување на сиромаштијата во Република Македонија.

Во своето експозе, министерот на самиот почеток употреби една реченица во која што вели, имајки во вид дека Владата најтранспарентно ги прибира и троши средствата на граѓаните. Значи, ако оваа Влада е најтранспарентна во трошењето на парите на граѓаните, тогаш навистина не знам што значи нетранспарентна Влада господине министре. Имено сведоци сме, само нашата пратеничка група во текот на оваа една година од нашиот мандат има повеќе пати поставено прашање колку пари се потрошени за промоција или за кампањата- инвестирајте во Република Македонија, колку пари се потрошени за одржување на имотите на министрите кои се ангажирани да привлекуваат странски инвеститори и колку чини целокупната кампања на Владата во овој дел.

За жал до сега ниту еднаш не одговоривте на овие прашања, освен по барања на некои невладини организации, а овде се фалите дека вие навистина сте биле најтранспарентната Влада што во овој дел навистина не е точно и не може да се земе како вистина она што го изрековте од говорницата. Во делот на она што посебно го истакнавте дека во изминатиот прв квартал од оваа година, се остварил пораст од 7% и што претставува највисок пораст во изминатите 5 години. Навистина имаше дилема дали методологијата по основ на која се пресметува овој економски раст, е сменета или е останата иста. Но, сепак, без разлика на тоа овој пораст сепак се должи на она што претходно

зборуваа дискутантите, на неколку поголеми стопански субјекти во Република Македонија чии работење во голема мерка придонесува одредени сектори да растат во Република Македонија, а сигурно дека помал дел се должи на некои други подобрувања. Не можеме да кажеме дека овој раст може да биде сигурност дека понатаму ќе продолжи ваквиот тренд, ако имаме предвид дека само после брзо објавување на овие ваши податоци, се случи друго соопштение од Државниот завод за статистика во кое беше кажано дека индустриското производство во месец април во однос на пртходниот месец или во месецот од претходната година се намалило за голем број на процентни поени, што директно го демантира вашето тврдење дека економијата навистина заживеала и дека тоа е еден тренд кој дава сигурност дека тоа ќе продолжи.

Во однос на другите ваши тврдења што ги изнесовте дека во делот на личната потрошувачка, навистина личната потрошувачка во овој период е зголемена, но таа пред се е зголемена од кредитите што населението ги зема од банките и по основ на користењето на платежните картички. Оваа ситуација во Република Македонија во тек на време ќе ескалира и многу граѓани ќе се доведат во состојба да не можат да ги исплатат своите обврски по основ на земените кредити и дека овој показател брзо време, кога ќе се постигне она максимално ниво нема да дава вакви резултати. Значи, ќе имаме еден сериозен проблем во однос на кредитната задолженост на населението и всушност сега економско социјалниот мир во Република Македонија во најголемд ел се одржува благодарение на овие кредити. Граѓаните во Република Македонија вонајголем дел живеат од кредити, но фактички тие кредити не се земени по основ да можат сигурно да ги вратат кога ќе дојде времето, тукуво најголем дел земаат кредит од една панка, па од друга банка го покриваат првиот кредит и на некој начин создаваат еден синџир што веројатно не може долго време да се одржи. Можеби има простор уште за растење на кредитите или пласманите на банките во однос на кредитирањето на населението, но факт е дека мирот во Република Македонија во овој момент се одржува благодарение на кредитите што населението ги користи, а не врз основа на некој реален пораст на вработувањето, приходите по однос на лични доходи или приходите по некои други основи кои граѓаните можат да ги остварат за да ја зголемат својата лична потрошувачка. Така што и овој показател во делот на лична потрошувачка, Министерството за финансии треба да размислува како може да ескалира, да воведе можеби некои регулаторни мерки се со цел и граѓаните да не се најдат во незгодна ситуација, исто така и д ане настанат некои поголеми социјални немири во Република Македонија.

По однос на вашите тврдење во делот на промени на пазарот на работна сила односно дека е остварен пораст на вработеноста од 3,5% и дека стапката на невработеност е намалена за 0,4%, уште еден податок министре во кој има простор за длабок сомнеж. Јас вчера имав можност да го отворам сајтот на Државниот завод за статистика и таму сретнав еден податок дека за прв пат во Република Македонија во четвртиот квартал од 2006 година стапката на невработенсот е поголема од стапката на вработени, што јасно укажува дека ова ваше тврдење во најмала рака не е точно, имаме поголема стапка на невработени во Република Македонија, отколку вработени. Значи има помал број на луѓе кои работат и кои треба да создаваат вредност и за пензионерите и за оние што не работат. Навистина, како Влада тоа треба да ве загрижи, а не од говорницата д акажуваме приказни дека  и во овој дел има подобрување. Тоа не се чувствува, а и статистичките податоци веројатно тоа го демантираат. Нема причини да не веруваме на Државниот завод за статистика дека тоа не е реално. За тоа и порастот во границите што ги наведовте, на пример е најголем во делот на трговијата. Значи благодарение на зголемената лична потрошувачка која се должи на големиот број кредити земени од населението, се зголемила личната потрошувачка, а во делот на сообраќај и врски зголемувањето од 11,2% се должи на зголемениот извоз и тука се затвара кругот, ниту имаме диверсификација на основата кај претпријатијата, за зголемување на економскиот раст, ниту има создадено предуслови за такво нешто. факт е дека најголем дел од стопанството во Република Македонија се потпира на неколку крупни претпријатија и дека од нивното работење зависи целокупното движење во економијата.

По однос на дивидендата од АД Македонски телекомуникации, исто така објасни колегата Бучковски дека во најголем дел таа веќе требаше да биде исплатена во минатата година, но бидејќи настанаа одредени промени или процеси во Македонски телекомуникации, ќе се исплати оваа година. Сега интересен е вашиот став за вака високата дивиденда, со оглед на тоа што кога бевте опозиција тврдевте дека тоа е основ за некоја коруптивна дивиденда или на некој начин за потплаќање на Владата на Република Македонија да толерира монополска позиција на одреден стопански субјект, во случајо тна Македонски телекомуникации. Сега што се смени во вашето видување во однос на тоа претходно ваше тврдење и дали дивидендата не е сега коруптивна туку навистина е потребна, иако прашањето за Македонсдки телекомуникации, неговата продажба, правата кои им беа дадени, се случи во периодот 1998-2002 година, што сите знаеме дека тогаш на власт беше Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

Во однос на самиот Буџет, би сакал да кажам дека и натаму продолжува тенденцијата на зголемување на Буџетот на Република Македонија и постојано имаме се поголеми и поголеми буџети, како во делот на приходите

така и во делот на расходите. За жал, оваа ситуација не оди во прилог со растот на економијата во Република Македонија па да може да се случи другите стопански субјекти да бидат главни носители на делот на понудата или побарувачката на работа во Република Македонија, туку Владата со ваков голем Буџет зазема едно од доминантните места во делот и на Јавната потрошувачка, можеби и во делот на инвестициската активност што не е добро за една економија, ако сакаме да се развива понатаму, бидјеки колку појаки се стопанските субјекти, а помала е улогата на државата, во тој случај има повеќе простор за дејствување на пазарнит емеханизми. Всушност тоа и дел од вашата, можеби, десна идеологија, но вие со вакви буџети всушност ја промовирате Владата како главен инвеститор во Република Македонија и со тоа во голем дел сакате да ги контролирате и другите процеси кои се случуваат.

Сега би сакал малку во делот на Буџетот да се задржам околу расходите. Значи и понатаму останува лошата структура на расходите во Буџетот на Република Македонија. Значи и од овој ребаланс вишокот на приход над 85% го наменувате за тековни оперативни расходи, а не го наменувате за капитални инвестиции. Дури и во делот на капиталните инвестиции проектите што ги имате направено, повторно приоритет давате на некои несуштински проекти, додека некои други проекти остануваат на страна од вашиот интерес, или едноставно не сакате да слушнете за нив.

Најголем дел од зголемувањата кај тековно оперативните расходи имате во таканаречени недефинирани позиции, значи стоки и услуги, други договорни услуги, други градежни објекти. Значи немаме стриктна спецификација или стрикно определување за што ќе се трошат овие пари на граѓаните.

Во делот на други тековни расходи кај Владата се зголемуваат за 46.570.000 денари, а во делот за мебел, опрема, возил аи машини се зголемуваат за 1.000.000, а самите вие тврдевте, дури и премиерот тврдеше дека ќе има нула расходи за возила,мебел, плати, наемнини, машини, за трошење во Владата на Република Македонија. Значи повторно сами себе си се негирате во делот на проекциите на Буџетот.

Исто така значајни зголемувања имате кај издадоците за плати и надоместоци на вработените и тоа скоро кај сите владини министерства, па и во самата Влада. А во делот придонеси од плати и други социјални давачки немате многу зголемувања. На што се должи, би сакал да знам, овој дел на зголемување на расходите во Буџетот на Република Македонија. Дали сега откако го донесовте Законот за волонтерство ќе може вашите партиски вработувања, вака преку Буџетот да ги примаат своите надоместоци.

Исто така имате зголемување во делот на оперативните расходи по вработен и тие се највисоки во вашата Влада и изнесуваат 3.389.000 денари, што значи дека повторно правите непродуктивни трошоци што во голем дел веројатно се за плати и други надоместоци, или недефинирани.

Во однос на програмите што ги предлагате во самиот Буџет, би сакал да кажам дека, би се задржал најпрвин на вашите програми за привелекување на странски дирекни инвестиции, Програмата Т-4 и Д-5, предвидувате драстично зголемување на овие средства, некаде 12 до 13 милијони евра, а во меѓувреме немате никакви резултати во изминатата година. И за тие средства што до сега ги потрошивте нема никакви резултати, а сега барате можеби двојно зголемување на овие средства за повторно да не знаеме за какви цели. Дел се за дирекни промоции на Република Македонија, дел се за Агенцијата за привлекување странски инвестиции. Вашата програма за привлекување странски инвестиции е како некоја црна дупка во свемирот, само зема пари или проекти, а не дава никакви резултати.

За што ги трошите парите на граѓаните. Овде што ги наведувате проектите, сите се од претходната Влада. Дури и со Џонсон Мети уште немате договор дека ќе инвестира во Република Македонија. Навистина, должите сериозни објаснувања каде ги трошите парите во овој дел на граѓаните на Република Македонија. Дали има реални најави и во најавите ги најавувате проектите кои што претходната Влада ги правела. Ниту еден нов инвеститор немате најавено. Сиете Женерал го спомнувате проект кој што беше теран station наназад една година и повеќе, некои други проекти, навистина не ми е јасно каде одат овие пари на граѓаните.

Најголемата грешка во вашата економска политика за привлекување на странски инвеститори е тоа што приоритет давате на странските инвестиции. Ги нема. Во технолошко индустриските развојни зони само дадовте можност тоа да го прават фирми од странство. Додека за претпријатијата за поддршка на мали и средни претпријатија во Република Македонија не ја зголемивте ставката. Немате програма да ги поддржите нашите претпријатија, ниту кај нив да видите дали има реални можности инвестицискиот циклус тие да го почнат. Навистина, не е сфатливо вака да се трошат пари на граѓаните без конкретни резултати. Сега почнавте некоја втора фаза лично министрите и премиерот да одат да привлекуваат странски инвеститори. Нели имаме Агенција, најавивте 20 до 50 консултантски куќи кои што ќе вршат промоција на Република Македонија. Имаме двајца министри кои што треба да привлечат странски инвеститори, а немаме разултати. Навистина, загрижува оваа ваша пракса и треба сериозно да проанализирате, без разлика што можеби ќе треба јавно да признаете дека ние згрешивме во нашите проекции и треба да се свртиме кон домашните инвеститори, а не да ги плашите со закони за конфискуве на имот, за

утврдување потекло на имот и да ги ограничувате да инвестираат во Република Македонија.

Во однос на третманот на Владата на процесот на децентрализација во Република Македонија веќе кажав со ваквиот ваш однос во изминатиов период од кога ја презедовте власта, директно влијаете на процесот на децентрализација не само да не започне навреме, туку и да општините не ги подготвивте или не им помогнете да се подготват за втората фаза од процесот на децентрализација. Неможе, бидејќи да се смета за успех од 84 општини реално исполнуваат 20 инеколку, вие ќе земете 50, а 16 општини да имаат блокирани сметки. Тоа не е успешен процес на децентрализација и затоа вие сега не го ставате никаде овде во приоритетите за ребалансот на Буџетот, туку оставате тој процес наводно да тече независн од Владата, а општините сами да се грижат за тоа како ќе се одвива. Но, тој проект, тој процес не е битен само за приближувањето на Македонија кон Европската унија, туку е многу битен и за самите граѓани, да се решаваат проблемите на граѓаните. Но, за тоа општините на општините треба да им обезбедите финансиски можности, пред се, да им обезбедите секаква друга поддршка да можат да се соочат со проблемите. Повторно ќе кажам, неуспешен е стартот на втората фаза од процесот на децентрализација во ситуација кога од 85 општини, 20 општини ви ги исполнуваат критериумите, а 16 општини се со блокирани сметки. Како ќе го решиме овој проблем, дали сметате дека со законите за данок на имот на стопанските субјекти и на граѓаните што им наметнавте нова давачка во руралните подрачја и низ комунална такса ќе го решите проблемот на финансирање на единиците на локална самоуправ. Повторно овие што ви се најзагрозени, повторно ќе останат без можност брзо да го достигнат критериумот за преминување во втората фаза. Навистина, уште една област во која што вие, не знам од кои причини не сакате посериозно како Влада да се вклучите. Дали не ви одговара политичката структура на градоначалниците, дали не сакате да се откажете од своите средства во Буџетот па да им дадете дел на општините, навистина еден сериозен проект кој што е битен за олеснување и на животот на граѓаните во Република Македонија, но и за приближување кон Европската унија ви е ставен во втор план и мислам дека и таа политика или таа пракса треба да си ја преиспитате, затоа што брзо ќе дојде опомената дека несриозно или недоволно посветувате внимание на процесот на децентрализација.

Околу другите расходи кои што ги имате наменето во Буџетот на Република Македонија во делот на трансферите до Агенцијата за вработување, бележите намалување, затоа што околу 2700 лица повеќе не примаат паричен надоместок од Агенцијата за вработување. Но, овде за жал, повторно немате предвидено средства за решавање на проблемот на стечајните работници и тоа јасно покажува можеби како ќе заврши иницијативата на НСДП за решавањето на проблемите на стечајните работници. Навистина, еве сега гледам од Буџетот ако за 3000 луѓе се намалил бројот на оние кои што примаат надоместок од Агенцијата за вработување, зошто не предвидите доволно средства да се реши проблемот и на оние луѓе кои што 4 или 5 месеци штрајкуваат пред Собранието на Република Македонија. Почнаа од студено време месец март, сега дојдоа до најголемите жештини во Република Македонија. Тоа не е ниту хумано, ниту одговорно така ноншалантно или незаинтересирано да се однесувате кон овој проблем. И, навистина не ми е јасно зошто немате предвидено средства за решавање на проблемот на стечајните работници.

Во делот на капиталните расходи, би сакал да кажам повторно давате приоритет на проекти кои што не да нема да придонесат за еконмскиот развој на Република Македонија, туку напротив ќе донесат до поголеми проблеми. Значи, за спортската сала “Борис Трајковски” повторно одвојувате плус 150 милиони или 160 милиони денари и од овој ребаланс на Буџетот. Колку кошта таа сала или дали овие средства ќе бидат доволни да се изгради салата “Борис Трајковски”. Добро е да ја има Република Македонија, но вие минатиот пат ме убедувавте дека овие средства ќе бидат доволни. Сега плус уште од тие 150, уште 160 милиони денари за спортските сали. Имаме толку спортски сали во Република Македонија кои што...

**Бесим Догани:** Господине Николов, ќе ве замолам, бидејќи министерот има потреба од пет минути пауза, дали ќе ви пречи да дадеме пет минути пауза, па да продолжиме, поради обврски. Ви благодарам. (Пет минути пауза).

(По паузата седницата продолжи во 17,02 часот).

Продолжуваме со седницата, господине Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи застанавме кај спортските сали, уште еден приоритет кој според мое мислење е, ако правиме некое рангирање на приоритетите во Република Македонија од 1 до 10, сигурно ќе бидеме на средината или можеби малку подоле. Значи имаме толку други работи во оваа држава во која што треба да се инвестираат средства, а Владата на ова владеачко мнозинство упорно инсистира со овие проекти за спортски сали.

Прво, имаме голем број на спортски сали кои што веќе постојат во Република Македонија,но кои што се во лоша состојба, и ќе беше добро дел од овие средств да се инвестираат, овие сали да се доопремат, да се санираат, да се овозможи да функционираат на едно повисоко ниво.

Втора работа е што навистина нема потреба ова да биде приоритет на Владата на Република Македонија. Во делот на капиталните инвестиции видете само каква ни е патната структура во Република Македониа. Еве сега патуваме секој

ден на седница на Собрание, автопатот Велес-Скопје или Скопје-Велес, зошто не се предвидени средства во Буџетот да се изврши ново постилање на асфалт, како би можел овој автопат навистина да заличи на автопат. Вака не знам во која категорија спаѓа, но битно е да имаме спортски сали и битно е Владата да се слика на телевизија.

Во делот на образованието. Значи една област во која што исто така Владата се реши за популизам наместо за реално решавање на проблемите кои што егзистираат во овој дел.

Прво, во проектот за компјутер за секое дете навистина во некои други услови е проект за поздравување. Но тие услови не само што ги нема во училиштата, туку Владата не сака ни да ги создаде. Имаме училишта, зборувавме и многу пати до сега во кои што нема услови за одвивање на нормална настава, значи табла, креда, клупа столче, да не зборуваме ако имаат и некои надлежни средства, сега наеднаш ќе им дадеме на децата компјутери. На што ќе го приклучат компјутерот? Кој ќе го чува компјутерот, дали има услови таму тој компјутер да се користи. Навистина реални поблеми кои што Владата не сака да ги согледа и како приоритет наметнува некои проекти кои што се добри за слушање кај граѓаните на Република Македонија, но навистина не се приоритет. Ќе биде добро да слушнат дека Владата дала толку и толку пари за компјутери, да не зборувам дека сега тендерот не го зема домашна фирма, има многу забелешки, надмината е проекцијата во однос на првично планираните средства и тн. и тн., упорно си ја тера оваа работа иако до сега имаше многу забелешки од самите директори на училиштата и од наставниот кадар.

Потоа, задолжителното средно образование, никаде ги нема во Буџетот блок дотациите, со кои што ќе требаше да се предвидат средствата за личните доходи на вработените. Владата ги нема предвидено проекциите кои ги даваше за деветтолетката дека толку и толку наставен кадар ќе треба да се вработи, толку и толку простор ќе треба да се обезбеди, ги немаме ниту тие проекции. Би го замолил министерот навистина да ни каже, доколку може, дали овие средства се планирани во Буџетот на Република Македонија, во делот на задолжителното средно образование.

Исто така можат да се јават проблеми околу просторното обезбедување на услови за одвивање на наставата. Значи, еден куп работи и многу поприоритетни задачи кои, ако сака оваа Влада навистина работите да ги решава на вистински начин, би требало да ги испланира во Буџетот, но, за жал, се определи за популистички проекти, проекти кои се добри за граѓаните за слушање, но реално не создаваат предуслови за подигнување на нивото на квалитет на сите претходно спомнати области ниту во образованието ниту во судството и не знам каде за да се одвиваат на повисоко ниво и да започнат попозитивни процеси. Ќе заминат овие проекти, не знам како, еве настануваат проблеми со компјутеризацијата, се отвораат интернет кафиња за пензионери, проекти кои не ни се битни. Владата нема предвидено средства, а актуелно е во овие тропски горештини пожарите. Зошто не се предвидат средства да се обезбеди средство за гаснење на пожарите, дали ќе биде авион, хелихоптер, зошто немаме такви планирања во Буџетот. Против пожарните возила што ги наследија се во очајна состојба. Да мерат некои критериуми, можеби ќе бидат на нивото од 1940 - 1950 година од минатиот век.

Сега можеме многу вакви работи да кажуваме како приоритети, битната поента е дека навистина треба сериозно да се размисли, ако сакаме сериозно да ги решаваме и одговорно проблемите во Република Македонија во расходниот дел да не се даваат приоритети на музеи на ВМРО, на театри, на сали кога имаме други поприоритетни прашања во Република Македонија кои треба да се решат според нашето видување. Но, на крајот на краиштата одговорноста е на оваа Влада, граѓаните веројатно ќе проценат дали приоритетите биле правилно одбрани или Владата не сакала да ги согледа правилно.

По однос на прашањето околу реформите за кои Владата упорно најавува дека се одвиваат, а гледаме дека голем дел од нив не само што се блокирани, туку нема ни најава ниту иницијатива од Владата да се мрднат од мртва точка.

Реформите во судството, навистина не ми е јасно, што со тој Државен судски совет не може да се реши прашањето или за обезбедување на подобри услови за работа на судството. Знаеме дека имаат многу прашања и кадровски места непотполнети, реформите во полицијата и во други институции кои во овој Буџет навистина немаат планирано средства.

На крајот, бидејќи навистина може многу да се набројува околу овие прашања, жал ми е што немаме можност за некоја посериозна дебата во однос на овие работи, обично Владата она што си го наумила ќе си го оствари, сепак морам да кажам во однос на Велес каде се планирани проекциите на Владата во однос на изградбата на Хидросистемот Лисиче, добро е што конечно можеби по 15, 20 и повеќе години се создаваат услови да профункционира овој систем Лисиче кој е од стратешко значење за водоснабдувањето на општина Велес и околните села.

Се надевам и апелирам до Владата, доколку има можности, да обезбеди средства да се изгради цевковод до Езерото Младост кој ќе има двојна намена односно би овозможил наводнување на земјоделските површини и полнење на Езерото Младост како едно катче каде може во голема мера да се развива т.н. езерски туризам.

Исто така би и пренел на Владата реакции на жителите на селото Лисиче каде се гради браната дека за време на кампањата ним им било ветено дека ќе им биде решен проблемот со водоводот и канализацијата, се надевам дека ќе

си опстојат на тоа нивно тврдење и ќе предвидат средства ова прашање да се реши.

По однос на театарот, би го запрашал министерот, дали овие 12 милиони денари се предвидени, како што најавуваше премиерот, за изработка на нов проект, за урбанистичка документација, бидејќи тоа би било повторно трошење на средства за работи кои веќе се завршени односно има проект за театарот, Советот на општина Велес донесе одлука да го ослободи од комуналии во урбанистичкиот план и урбанистичката документација е комплетирана и нема потреба за овие 12 милиони денари ако се предвидени за таа намена да се трошат, да бидат потрошени, туку навистина да се потрошат за почеток на изградбата. Тоа ревидирање што е предвидено да се изврши на проектот ќе одземе уште 6-7 месеци од почетокот на градбата и не би било добро.

Во однос на Рамина, би апелирал, а имам и таков амандман, министерот да се договори во Владата да се обезбедат средства да се изгради станбена зграда или да се обезбедат средства за живеалишта на сите оние кои по лизгањето на земјиштето ги загубија своите домови, нема повеќе каде да живеат. Претходната Влада им обезбеди средства да живеат под кирија, бидејќи нивните домови не беа безбедни, но таа ситуација не може да продолжи во недоглед, мора да се размислува да им се доделат или станови или да им се изградат куќи каде би можеле алтернативно да продолжат со своето живеење. Добро е тој простор на Рамина да се исчисти и повеќе да не се дозволи таму да се градат живеалишта затоа што постои опасност повторно да се предизвика лизгање на самото земјиште.

На крајот би сакал да кажам дека со овој ребаланс на Буџетот повторно состојбата во Република Македонија или граѓаните на Република Македонија не треба да очекуваат дека нешто драстично ќе се промени во нивниот живот, туку напротив, мислам дека состојбата ќе остане уште потешка отколку што е сега дека потешко ќе го живеат својот живот, бидејќи нема проекти кои навистина ќе ни донесат за подобрување на нивниот стандард, за отворање на нови работни места и за намалување на сиромаштијата.

Исто така жал ми е што Владата за пензионерите, за оние кои треба да одат во пензија, не прифати да се продолжи рокот и по први септември да важат старите услови за пензионирање кои ќе важат до 30 август.

Да заклучам, овој Буџет само ќе создаде предуслови Владата уште повеќе самата себе да се промовира, а многу помалку да се решаваат проблемите на граѓаните. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитуван господин потпретседател на Парламентот, почитувани колеги пратеници, господине министер.

Денес пред нас имаме ребаланс на Буџетот на Република Македонија за разгледување во функција на приспособување на инвестирачките политики во согласност со јавниот интерес на граѓаните задолжително, кога се знае дека главен носител и реализатор на овој јавен интерес во овој случај се појавува Владата.

Природно е што разните предвидувања кои може да бидат основа за буџет на почетокот на годината, има потреба од дополнителни адаптации во согласност со динамиката на реализација како на приходите така и на расходите на Буџетот, меѓутоа, секако природно е што е добра прилика тука заедно преку Буџетот на почетокот на годината или пред почетокот на годината и сега во текот на ребалансот да може да ги разгледаме општите политики, целосните политики и да ги анализираме и процениме истите и евентуално преку ребалансот да ги поправиме грешките или неточните проценки во определени насоки со цел средствата кои се одземаат од граѓаните истите да се вратат на поадекватен начин и средствата на тој плаќач да бидат уживани од тој што ги плаќал тие такси во согласност со нивниот интерес.

Треба детално да се анализира Буџетот или ребалансот на Буџетот, меѓутоа, земајќи го предвид тоа, многу колеги претходно кажаа околу основните аспекти дури и на детали во деловите од Буџетот, па дозволете ми на почетокот да направам едно разгледување за причините кои беа кажани зошто треба да се направи ребаланс на Буџетот и целите што се очекува да се случи или што ќе може да се случи засновано врз промената на некои ставки или вредноста на некои ставки што ги имаме пред нас.

Се кажа дека причините за ребаланс на Буџетот се таксите, ефективното прибирање на даноците собрани во овој период кои се над предвидувањата што беа кажани порано, дивидендата од Телеком беше спомната како една од причините која со својата сума бара една алокација и со Буџетот од страна на Парламентот за нивно искористување и други причини, како што беше кажано, детално разгледување на политиките во функција на усогласување на интересот со меѓународните финансиски институции, меѓутоа јас би дополнил тоа што не се кажа, а се знае дека требаше да се направи ребаланс на Буџетот и поради не реализација на капиталните инвестиции или нивно реализирање со незавидна динамика која остави простор во оваа насока и од тие причини тие неискористени средства со предвидената динамика би требало да се реалоцираат на начин што нема да останат неискористени или како мртни средства, па подоцна да се сервисираат преку повлекување од Народна банка. Тоа не е добро за интерес на граѓаните значи не реализација на капиталните инвестиции во целост е причина за ребалансот и Владата и

соодветните министерства треба да ја добијат потребната порака дека треба да бидат поефективни, поекспедитивни во оваа насока затоа што е јавен интерес, интерес на граѓаните нивните собрани даноци на ефективен начин да им се вратат на време. Со тоа всушност се подобрува нивната благосостојба, се зголемува и развојот на државата и со тоа имаме многу ефекти во политичката економија или како што реков едноставно благосостојба на граѓаните.

Се кажа од страна на министерот дека пораст во изминатиот период имаше за 7% ЦДП кој беше оспорен од многу меѓународни институции и остана необјаснето или како потреба за објаснување дали беше 7% или 4% или понатаму ќе се мери врз основа на една методологија која создаде поголема конфузија.

Интерес е на министерот, а и на Владата оваа работа да се објасни, би не израдувало доколу порастот беше 7%, меѓутоа, уште повеќе ќе не израдуваше доколку тој пораст ќе се почувствуваше од граѓаните затоа што секој виртуелен пораст или тоа што не се чувствува од граѓаните мислам дека ќе биде малку убедливо во круговите или таму каде треба да има ефект овој пораст и ќе остане како дел на академските анализи без никогаш да се разјасни или ставајќи го во услуга на разни економски методи кои фактички можат да донесат, по разни методологии, пораст во разни фази и на разни начини.

Тоа што ми падна во очи и што самиот министер го кажа во своето експозе за структурата на порастот на приходите нагласи некои области кои се видливи и се однесуваат на приходна структура на Буџетот и се кажа покрај даноците кои се прибрани на поефективен начин и над предвидувањата, би требало да нагласам во оваа прилика дека покрај ефективното прибирање на средствата сигурно и преку некои закони или т.н. усогласување со рамниот данок, но и со комплетирањето на други даноци може да констатираме дека освен ефективното прибирање кое не радува имаме и зголемување на даночната база која паѓа врз товар на граѓаните и која го зголемува и товарот на граѓаните и на претпријатијата со што мислам дека доколку овие средства не се изнајдат на соодветен начин да се вратат на граѓаните со ефективна политика и со поадекватно опфаќање со инвестирање на цела територија на Република Македонија во согласност со степенот на прибирање на овие даноци на исти територии, мислам дека ќе биде уште една причина за негативен тренд во иднина затоа што во индивидуална смисла, меѓутоа вознемирен сум за негативниот тренд кој ќе биде за распределбата на средства на регионален, пропорционален начин за да имаме одржлив развој, професионален развој на земјата како една конзистентна социјална политика на земјата која фактички ќе даде погоден ефект мислам економски не само на некои места или региони, туку на целата територија на Република Македонија.

Треба да се има предвид дека Владата треба да ја приспособи својата политика за растеретување на бизнисот, но зошто не и на граѓаните, посебно на оние граѓани кои малку можат да прибираат даноци или може да се смета дека може да произведуваат, како што беше Законот за комунални такси или други такси кои беа изменети и буџетскиот дефицит кој е провоциран од централната власт со рамните даноци се настојуваше да се компензира со оптоварување на даноците и на тие сиромашни места како што се ридско-планинските места кои немаат никаква сила за да компензираат даночен дефицит или буџетски дефицит и недостаток на средства на локално ниво.

Поради причините што ги провоцира Владата со рамниот данок, како што се знае кога се намали персоналниот данок кој што е еден од главните извори фактички за финансирање на локалната власт.

Втора причина која што исто така ми падна во очи и беше кажана од самот министер е дека втората категорија или втората група која што придонела во порастот на приходите во Буџетот е трговијата и тука јас сакам да отворам еден димензија поинаква од таа што беше кажана тука дека трговијата е индикатор или пак развојот на трговијата е индикатор за зголемување на потрошувачката и што воглавном може да биде заснована врз неколку причини. Некои од нив беа кажани и јас нема напамет да ги зборам и тие се разни кредити кои што банките, поради промените на начинот на плаќање, ги понудија поради макроекономските стабилности и на цените секако и што мислам, доколку се продолжи вака може да се очекуваат и негативни ефекти од истото затоа што даноците или пак долгот на граѓанинот кон банките врз основа на кредите се зголемува многу и мислам дека може да даде поинаков негативен ефект после ова и доколку не се зеде предвид од они што ја прават таа финансиска политика можеме брзо да се соочиме со една незавидна ситуација. Меѓутоа, тоа што сакам да го кажам тука мислам дека вреди да се нагласи во оваа рсправа за Буџетот, е фактот дека трговијата се разви или доживеа еден повисок степен на развој и со тоа придонесе повеќе во приходите. Јас мислам и поради причината што имаме една структура на приходи кои што ние малку ги спомнуваме, меѓутоа што се многу присутни и се многу активни што честопати Македонија ја има спасувано од кризи и ситуации кои, навистина безнадежни во некои случаи. Тоа се печалбарите. Значи, нашата дијаспора која што секогаш носи средства чисти, свежи средства, реален капитал во нашиот финансиски систем и во Буџетот значи на разни начини преку инвестирања, преку издршка на нивните семејства, преку големите средства што ги носат во земјата со тоа што доаѓаат неколку пати во годината, затоа што семејството им е тука, блиските им се тука и традиционално се

поврзани со земјата и тие без оглед што таму развиваат бизниси, често пати се тука присутни и директно придонесуваат во поголем промет во оваа област и се основните придонесувачи и основните спасители и во безнадежни фази кога Македонија била во такви ситуации со јаните финансии.

Се поставува прашањето, затоа што ако ова не го кажеме јавно и овој придонес на нашата дијаспора не го признаеме јавно јас мислам дека се помалку ќе бидеме внимателни и увото ќе ни биде многу сензитивно за нивните потреби и барања. И затоа јас мислам дека е време овој нивен придонес кој што се рефлектира со една поголема потрошувачка и со импутот што го имаат во самиот пораст на приходите во Буџетот треба добро да се види тоа и да се евалвира тој придонес и во некои области во организирање на нашиот живот. Затоа инвестирањето во инфраструктурата, во патиштата, водоводи или пак и во други аспекти кои што се поврзани со фактичката добра состојба на граѓаните треба да бидат на повисоко ниво. Овој Буџет практички мислам дека тоа го нема или пак таму каде што ги има нема средства дистрибуирани преку региони каде што овој придонес всушност и од таму извира. Затоа мислам дека во текот на распределбата на средставата ќе треба да се има предвид овој факт од страна на секој министер на секоја Влада затоа што навистина е придонес кој што е неизцрплив и кој што и во нај песимистичките моменти, ситуации на нашата економска политика, тоа се средствата кои всушност и не вадат од криза, не спасуваат. Пример еден таков придонес би можел да биде бидјеќи Владата создава услови за повеќе слободни економски зони и овие зони верувам дека на крајот на краиштата ќе почне да функционираат и на западниот дел на Република Македонија, тука мислам дека треба да се предвидат такви варијанти за инвестирање каде што на странскиот капитал, треба да се пресметаат како луѓе од Македонија меѓутоа што живееле во странство и да се овозможи нивното инвестирање со условите што им ги овозможуваат и на странските инвеститори. Да не се поврзува тоа со големи суми затоа што нашите печалбари имаат пари меѓутоа немаат толку пари колку што имаат капиталистите затоа што тие немаа фабрики во странство. Сега некоја генерација почнала нешто и да инвестира повеќе, меѓутоа воглавном тоа се луѓе со средно богатство просечно богатство и треба по соодветни услови, по адекватни услови за инвестирање во слободните економски зони со условите под кои инвестираат и странците. Овде имаме реакции од граѓаните и од локалните инвеститори зошто тие се дискриминираат наспротив оние странските кога се говори за инвестирање во економските слободни зони визави царинските такси или изготвената инфраструктура или не давање на разни такси за определен рок итн. Мислам дека на оваа група на специфичен начин треба да се вклучат и печалбарите, намалувајќи го нивото или пак стандардот за инвестирање или пак за некоја форма за која што јас не сум стручњак да кажам меѓутоа, сигурно дека фактот што трговијата односно консумирањето односно потрошувачката која што на значителен начин учествуваат парите што доаѓаат од странство од печалба треба да си го најдат своето место и да рефлектира Владата и со соодветни мерки овој неоспорен придонес да може да го уживаат затоа што мислам дека ние доколку ги убедиме и создадеме услови само за печалбарите за да се вратат, да дојдат со нивниот капитал тука, мислам дека тие ќе бидат и треба да бидат најголемите странски инвестиции во Република Македонија. И секогаш со една доза на патриотизам и сентиментализам кој што ќе биде олеснителна доза и за некои хендикепи кои што ние понекогаш ги имаме во долгите процедури во некои аспекти што всушност ретко некој не разбира или не разбира како што траба затоа што не го знае нашиот менталитет.

Третото што сакам да го кажам од ова што се гледа е дека имаме, според сите изгледи една концентрација или концентрирање големо на средствата на централно ниво поради разни причини што ги спомнавме и порано, ги спомна и министерот, а од друга страна имајќи во предвид дека сме во една децизивна фаза на имплементација на децентрализацијата и разните потешкотии што се јавуваат од оваа сфера немаме никаква активна политика на Владата во функција на една успешна децентрализација. Ние секогаш треба да кажеме дека втората фаза на децентрализација имаше неуспех. Зошто? Затоа што не отпочне тогаш кога требаше да отпочне. Ние можеме да најдеме стотина причини зошто не почна, и кај минатата Влада зошто јас можам и да се согласам. Јас велам дека и во минатата Влада во забавувањето на некои аспекти на децентрализација зошто јас и тогаш кога бев министер имав свое мислење и став и се обидувава нешто да придонесам да оди побрзо. Меѓутоа, што е најлошото не гледам ниту една политика и кога Владата има пари и кога се зголемува даночната основа и концентрира средства во центарот таа не прави никаков чекор во насока на имплементација или пак на помагање на локално ниво да се имплементира децентрализацијата. Ова господине министер е загрежувачки и вознемирувачки и јас ја користам приликата да најавам точката од дневниот ред која што ќе ја предложиме ние писмено иако денес усмено побаравме информација на нивото на децентрализација и тековите на истото за Парламентот како една од главните наши обврски за интеграција и во НАТО и Европската унија и овде ќе дебатираме сите заедно што е проблемот. Каде запна работаата. Ние ќе ја поднесеме на писмено и вие како министер за финансии или премиерот кој и да мислите дека е подобро, треба да имаме една дебата затоа што имаме пречки имаме недостаток на волја на децентрализација и веќе не можеме да кажеме

дека немаме средства. Оваа политика всушност сега е траспарентност и е толку јасно што мислам дека нема потреба од коментар. Одбивате, а се собираат толку средства, значи зголемена е сумата на средствата на централно ниво, а неприфаќате ниту да се зголеми процентот на ДДВ што е една сигурна основа за општините. Уште еднаш тука ќе ја искористам приликата да ви кажам дека еден дел од општините поради финансиски причини кажаа дека нема да ја имплементираат двојазичноста, сигурно повеќе таму каде албанците се помалку од 50%, или пак над 20% и со право. Мислам дека имаат право затоа што обврската за двојазичност на тие општини им е дадено од овој Парламетн и секоја обврска која произлегува како законска обврска од Парламентот, Парламентот треба со Буџетот да гарантира финансиски средства. Ние не сме отишле ни чекор во оваа насока. Не говорам за целните општини сега, како што се градовите каде исто така има тешкотии во оваа насока, меѓутоа говорам за оние општини кои немаат ресурси, а демократијата чини и двојазичоста чини. Меѓутоа, треба да се разгледа од овој аспект, значи ќе треба да се размисли за зголемување на ДДВ или пак дел од ДДВ во износ од 3%, 4% или 5% за зајакнување на општините, во функција на локалната власт и одреден процент, дали 0,5% и 1%, или не знам колку, не сум направил анализа, треба да се наменат за општините кои согласно Уставот и Законот за децентрализација имаат врска да спроведат двојазичност или тројазичност, има и тројазични општини, затоа што тоа се обврски кои се дадени на општините од овој Параламент, не се обврски кои тие сами ги донеле со одлуки на своите општински совети.

Исто така околу персоналниот данок беа дадени предлози од некои градоначалници, да се разгледа и дел од персоналните приходи, затоа што со рамниот данок се оштети локалната власт врз оваа основа и други даноци јас не верувам дека можат да тонадоместат овој елемент, без оглед на добрата волја. Нема ниту децентрализација на градежното земјиште, нема ниту поинаква можност општините да се развиваат во оваа насока. Тоа големо концентрирање на овие средства и оваа поголема можност што ја создаде државата сака политички да ја исористи самата и не земајќи ја предвид потребата од децентрализација и со ова да детерминира само свои лични политики без да ја земе предвид политиката што е државна, а тоа е успешна децентрализација која не треба да зависи од партиите или пак не треба да зависи само од моменталните коњуктури.

Што се однесува до точката 4, што сакам да дискутирам е прашањето каде што и најмногу се рефлектира или каде што сигурно ќе има и расправа, има и политички концепти кои се прават во она или оваа насока, има и амандмани со кои се настојува да се подобри дел од она што може да се смета како пропуст или концептуално сосема поинаку од она што е предложено, тоа се капиталните инвестиции. Мислам дека повторно доминира впечатокот, и тоа е неизбежно, гледајќи ги во целост не само во министерствата туку во целост гледајќи ја распределбата на средствата на регионален начин, не е во согласност со развојните потреби на одржлив регионален развој и рамноправен развој на сите региони, како една добра политика за здрава социјална политика и економска политика на Република Македонија. тоа може да се аргументира со многу примери, како во делот на политиките на капиталните инвестиции во областа на земјоделието или пак во областа на другата инфраструктура како што е водовод, канализација, патишта, железници итн, исто така и објектите на културата, образованието и други. Мислам дека сега со намалувањето на средствата за Министерството за култура, и самите вие гледате дека има една причина зошто се намалуваат тие средства, затоа што популистичката политика не е секогаш успешна, не поради фактот што таа фактички не се признава или пак не поминува кај народот, туку од фактот што апсорбирачките капацитети како на администрацијата така и на разните дејности, не може да се соочат со сето тоа што вие сакате да го реализирате со една дејност. И покрај другото имате драстично намалување на средствата за Министерството за култура. Мислам дека тоа сте го направиле затоа што сте увиделе дека тоа Министерство или тие проекти што вие сте ги планирале не може да се реализираат затоа што апсорбирачкиот капацитет на администрацијата, како во дејноста, така и во правец на тие што го изведуваат тоа не се подготвени да го направат тоа. Затоа сте направиле едно драстично редуцирање таму. Јас никогаш нема да бидам против инвестирањата во културата, каде и како да се прават, меѓутоа, сигурно, бидејќи нема некоја капитална промена во тој правец, повторно ќе инсистирам третирањето на културите секако дека треба да биде на рамноправен начин со еден пристап во функција на афирмирање на културното наследство на сите и да може да се надминат некои аспекти кои останале, да го наречам тоа како историја во оваа област. Мислам дека може да се каже дека не е ваша ингеренција или пак ингеренција на градот или не знам на кого, меѓутоа судбината на Камениот Мост во Скопје фактички стана историја, колку болна толку и не сфатлива, неразбирлива, така што мислам дека треба, исто како што вие прифативте да разговарате за светлото во Скопје за да не остане Скопје без осветлување за половина час, мислам дека имаме заедничка одговорност да се седне, да се разговара за ова прашање и да се види што е работата со Камениот Мост во Скопје, зошто не се привршуваат работите, бидејќи воопшто не е убедлив аргументот дека од архитектонски аспект не може да се дозволиваков или таков камен, дали се нарекува стражарница или нешто друго. Мислам дека тоа прашање е смешно. Знаете дека имаме добри односи и со Труција и со другите меѓународни

истанци и секогаш кога доаѓаме во контакт со нив не прашуваат што е работата, бидејќи навистина не може да се толерира. Луѓето отидоа на Месечината пет пати за времето кога почна реконструкцијата на Камениот Мост, а ние таму не можеме пет камења да поставиме или нешто што останало не дефинирано околу Камениот Мост. Има уште многу други примери.

Јас би рекол дека треба да се дадат дополнителни средства и за некои џамии, било да се изгорените или оштетени на разни начини, не сакам да навлегувам тука во расправа, меѓутоа една посоодветна распределба на средствата во функција на нашето заедничко културно наследство кое е универзално и припаѓа на сите и мислам дека секогаш ќе има потреба од истото.

Мислам дека ориентирањето на средствата во фискултурните сали, запоставувајќи или пак останувајќи на исто ниво со инвестирањето во училишната инфраструктура, како што беше порано, значи имате 20 милиони за изгореното основно училиште, меѓутоа верувајте дека е недоволно во услови кога вие имате средства за северна трибина, имате плус 150 милиони за салата која се нарекува Борис Трајковски, добро е да се заврши, дали 150 милиони или повеќе, јас лично немам резерва кон тоа, меѓутоа сте ставиле и други проекти кои навистина не се приоритети, барем што се однесува на тоа што е јавен интерес. Јас не велам што е интерес на денешната коњуктура или што вие мислите дека ќе биде симпатично за некого, меѓутоа, во услови кога многу училишта се уште ни се во состојба која бара една поголема поправка и се уште имаме потреба од дополнителен придонес, подолгорочен придонес за надминување на некои проблеми, се уште имаме паралелки кои работат со две, а има и такви што работат и со три смени, мислам дека треба да и се даде предност на училиштата, а не на фискултурните сали.

Јас не сакам да верувам дека ова е втората проба, можеби треба да има трета проба за да излезе вистината, се почнаа некои сали, се оставија, сега мислам дека се проба повторно, не знам што ќе се напрви во тој дел, можеби третиот пат ќе излезе вистината и ќе се иградат овие сали. Не сум против салите, меѓутоа во оваа фаза тоа не е приоритетно.

Четири пет пати министре го спомнавте контекстот на образованието, бидејќи тоа го рекоа и другите, ќе кажам и јас затоа што тоа е индикативно, инвестирањето во функција на реформите во образованието. Инвестираме и правиме реформи во образованието. Вие тука сте инвестирале само за компјутери толку средства што навистина, доколку се дадеа за училишните објекти, ќе се создадоа сите услови и ќе останеа средства и за училишта и за компјутери.

Јас не ценам дека комјутерите се непотребни, меѓутоа секако со динамика на снабдување со која што ќе биде подготвена училишната мрежа да ја одржи. Јас ви гарантирам дека не може да се каже образовните реформи продолжуваат, само затоа што ги снабдувате со 100.000 комјутери. Затоа што, кога ќе имате 100.000 комјутери и кога ова ќе го изјавите вие како главен дел на реформата, верувајте дека тогаш ќе треба, кажете, завршија реформите, кога ќе дадете 100.000 комјутери, но не е така. Реформите во училиштата се многу посуштински, покомплексни и попреплетени. Нема ниту еден педагошки концепт за оправданоста на оваа динамика, со која што вие сакате во оваа фаза да ги имплементирате тие комјутери во училиштата, кои што немаат ниту електрична енергија и мрежа како што треба. Ние таа потреба ја имаме и сме виделе како се прави таа работа, а мислење е на Светската банка и на многу други институции што се однесува на ефективноста и на ефектот од оваа работа е навистина недоволен и нецелосен. Училишните реформи имаат многу поширока смисла, покомплексна и не можат да се поврзат само со интернет, дотолку полошо затоа што и тие, како што беше спомнато тука, тие комјутери што ние ги обезбедивме сега дојдовме тука и вие ги дадовте за интернет за пензионерите, ниеден не отиде по училиштата. Мислам дека не е дозволиво, ниту може да се оправда. Од 1 септември во Комисијата за УСАИД беше кажано дека тоа е одложено за училиштата кои што се сега децентрализирани и кои што се во надлежност на општините и истекува рокот за плаќање на интернет. Тоа што е елементарно да направи Владата во овој момент е да обезбеди продолжување на финансирање на интернет на училиштата после 1 септември не е ниту опортуно, ниту оправдано во недостиг на бесплатен интернет во училиќтата за децата, се организира бесплатен интернет за пензионери. Јас тоа ќе го кажам на комисија, повторно ќе повторам интернет за пензионерите е многу хуман и симпатичен гест, не сум против, меѓутоа во услови кога истата работа не се обезбедува за децата, за оние што всушност се иднината и каде што инвестирањето во училиштата подразбира и инвестирање за иднината, затоа што инвестирањето за пензионерите е хуман, симпатичен, но не е инвестирање во иднината. Мислам дека тој популистички амбиент, кој што всушност е во образованието е присутен и со вакви видови на проекти. Сметам дека тоа не помага ниту на Министерството за образованиен, ниту на реформите што вие изјавувате, затоа што сте инвестирале толку милиони само за комјутери. Ова прашање е нешто што треба да се разгледа и не е во согласност со јавниот интерес. Верувајте дека на ниту еден начин не е во согласност со јавниот интерес. Образовните реформи имаат потреба од голема посветеност во сите елементи, сите сфери, посебно во високото образование. Високото образование, всушност, како и сега подолго време е во незавидна ситуација. Ние господине министер, вие сте и самиот од Универзитетот и треба да знаете дека ние треба да ја дефинираме улогата

на државата во високото образование. Оваа улога ќе ја одигра преку јавните институции, преку државните универзитети за да се стави ред и по приватните универзитети. Значи, хаосот кој што се наметнува од однесувањето и од разбирањето на инвестирањето во високото образование како бизнис од некои кругови, тоа е многу опасно. Меѓутоа, државата од овој аспект треба да има поактивнап олитика виза ви високото образование. Таа поактивна политика треба да ја реализира преку својата појасна политика во јавниот образовен систем, каде што ќе постави определени стандарди, ќе се утврди и финансирањето. Вие тука сте дале пари за одржување, сигурно и за греење што е добро и треба да се продолжи во оваа насока, но треба да се разгледа политиката во целост и платите на професорите. Така, тие да немаат можност да работат на четири универзитети за по 300 или 400 евра во секој универзитет, затоа што тука навистина се дерогира се. Меѓутоа, велам, ова може да се постигне без да сакасм да интервенирам во она што вие го имате како цел, со поактивна политика во високото образование, посебно во државното високо образование. Тоа исто така се прави со добар Буџет. Затоа, мислам дека реформата со Болоњската декларација и во Комисијата се рече дека некои средства се во функција на истото, тоа е многу мал сегмент виза ви состојбат што ја имаме во високото образование сега или пак што ни се наметнува или пак што ни доаѓа, доколку не преземаме мерки, посебно перспективата на развојот што ја гледаме сега, доколку државата не покаже поактивна политика во високото обрзование преку државните институции. Ова е мое размислување, вие можете да го земете предвид или не и секако, сте дале капитални средства за комјутери, а тоа беше кажано во Комисијата. Вие не навлеговте во детали за комјутери во Штип, во Битола, беше спомнато и вработувањето во Тетовскиот универзитет, што е добро, но тој универзитет кој што се развива и треба да се развива со динамика на финансии кја што е во согласност со развојот на државата, тој бара и простор и капитални инвестиции во тој простор. Јас не знам што сте планирале и што има за цел Владата, јас ви посакувам да има барем намера да се размислува за посоодветни простории, затоа што толку што беше универзитетот и толку колку што се прави и треба да се прави таму навистина треба да се внимава за просторите. Нема можност да се прошири тој универзитет, а сепак да има или пак да наметнува стандарди кои што ќе бидат конкурентни со другите, доколку фактички сеуште таму се гледа како на политички проект. Тој веќе не е политички проект. Се заврши и е во функција на развојот на оваа држава и ќе се развива како сите други универзитети и му требаат капитални инвестиции. Треба да изгради зграда, објект еден, два или три, јас незнам колку му треба, меѓутоа, без капитални инвестиции таму навистина ќе го донесете во опасност и реализирањето на постојните образовни програми и тие што треба да се развиваат понатаму, затоа што нема простор, нема место, нема можности. Државата има обврска тоа да го направи, ние направивме што направивме, некои може да каже дека направивме многу или малку, направивме тоа што ние беше задача да го направиме и мислам дека добро го завршивме, меѓутоа доброто во универзитетот никогаш не завршува. Тоа е партнер на државата во развојот на истото и тука треба да се стави разлика, посебно кога се институциите нови, млади и имаат историја како Тетовскиот универзитет и мислам дека тука треба да се концентрираме повеќе за капитални инвестиции. Затоа, јас посакувам исто така и студентите и стандардот на студентите каде и да се во Тетово, во Скопје, во Битола, Штип или Струмица, каде што е дел од универзитетот, што е добро, треба да се посвети поголемо внимание, затоа што образованието секогаш повеќе станува поскапо и ќе биде уште поскапо во иднина и условите за образование. На крајот на краиштата тоа е и законска обврска со склоп на можностите, не може сега да се направи веднаш, меѓутоа, сепак да внимаваме и за стандардот на студентите каде и да се наоѓаат тие и како и да се појавува некој проблем. Затоа, овие прашања, овие фундаметални аспекти мислам дека се многу значајни и треба да се земат предвид во текот на анализирањето на Буџетот. Сигурно дека имаме и тоа е на дневен ред, значи и здравството кое што има што да каже и има многу проблеми и јас навистина сум меѓу оние кои имаат скромни познавања во здравството и кога се говори за здравствени политики, знам дека не е лесно да се имплементираат. Не е лесно во здравството да се направат реформи или да има подобрување, меѓутоа има елементи кои што одат кон тоа што дозволува не само здравствениот кодекс, меѓутоа и потребата на населението.

Јас ќе апелирам уште еднаш, барам здравството навистина не е добро да се гледа како економска категорија. Во здравството некогаш треба да се држат и клиники за кои што нема економска логика да се одржуваат, затоа што не можеш со сила да произведуваш заболени, за да некоја клиника ја направиш економски профитабилна или продуктивна. Луѓето понекогаш се разболуваат повеќе или помалку и фала му на Господ што се разболуваат малку, меѓутоа, клиниката или местото за лечење на истата болест мислам дека треба да се внимава за истото. Има многу за интервенирање во Буџетот, меѓутоа се покажа дека ограничениот буџет на здравствените институции како политика на Фондот во функција на одржување и елементарно функционирање на самите клиники мислам дека се покажа дека е тоа малку. Значи, практиката, затоа што реформите во здравството беа почнато и порано и продолжуваат со една динамика согласно со концептот на Владата, меѓутоа, некои политики веќе даваат негативен ефект. Тоа е разгледувањето на посилната

поддршка на примарното здравство и второ, разгледување на буџетите за болници или пак за клиники, затоа што се виде дека директорите на болниците или треба да отстрануваат вработени, да отпуштаат од работа или пак треба да го намалат буџетот или учеството на приходите од Фондот за платите и со тоа да ги ориентираат средствата од лекарствата или пак треба да ги оставаат вработените, поради социјалната клима или проблеми, значи да ги оставаат да работат, да купуваат лекарства или пак не треба да вршат оперирања. Ова прашање на директен начин, господине министер, влијае врз квалитетот на здравствените услуги. Здравствените услуги, посебно ние сега го имаме во процедура за лекарства, има и некои други закони што се во контекст на истиот и реформите во здравството, меѓутоа сетоа ова мислам дека е логично да резултира подобра услуга и со повеќе лекови во аптеките. Доколку реформата има за цел само економска димензија, намалување на средствата и исполнување на условите на Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд за редуцирање на дубиозите кои што се појавија во таа област, мислам дека тоа не е интерес и на граѓаните. Интерес на граѓаните е да се работи економично, да се преземаат мерки за порационална, транспарентна работа, за избегнување на корупцијата и организираниот криминал, меѓутоа тоа да не оди на товар на здравствената услуга на пациентите и на здравствените работници. Еден таков аспект, едно такво прашање кое што фактички може да ги усложни овие прашања, мислам дека брзо ќе дојдеме во ситуација кога ние ќе може да кажеме дека економски заживеат или пак нема економска загуба во клиниката, меѓутоа од друга страна ќе имаме структура или проценка на нивото на услугите кои што ќе бидат на ниско ниво и тоа не е интерес на никој. Затоа што, ние на крајот на краиштата сите сме тука и би рекол ќе се прават многу поактивни политики во насока на заокружување на некои идеи кои што порано биле за здравството. На пример кардиохирургија остана напразно, а доколку е наш интерес да има една кардиохирургија и истата да биде на Жан Митрев, во ред, меѓутоа е значајно е што има кардиохирургија. Меѓутоа, доколку оваа услуга сакаме да ја направиме конзистента и да не зависи само од овој аспект или од некои други аспекти, мислам дека Владата тука треба да биде поактивна, затоа што понекогаш ние лекарите, еве да бидам малку критичен, ние не успеваме да изнајдеме заеднички јазик за да ги дефинираме некои покнкретни политики во оваа насока. Кога има таков амбиент, сигурно дека треба да се вклучи и оној кој што е носител на јавниот интерес, а во овој случај тоа е Владата како одговорна и за здравјето на населението и за другите политики.

На крајот, господине министре, јас сакав да завршам со еден ваш збор што го кажавте во текот на донесувањето на Буџетот и што сега не го спомнавте, меѓутоа јас ќе го спомнам, значи со зборовите на Адам Смит како татко на современата економија, што се одрази, се рефлектира, вие тоа тоа знаете подобро од мене и тоа го кажа и господинот Оли Рен. Значи, може да се вршат политики и планирања кои што се и добри, може да се направат и визии и определби кои што се засновани врз економската логика, верувам дека и инвестирањата треба да бидат во интерес на граѓаните. Меѓутоа, така како што рекол и Адам Смит, така како што рековте и во претходната расправа за Буџетот, беше седум месеци, тоа го рече во Резолуцијата и Оли Рен, пред се, треба да се создадат политички услови, политичка стабилност и функционална демократија, со цел економската политика да биде успешна. Без една стабилна политика, без функционална демократија, чии услови се поставени во Резолуцијата што Европскиот Парламент го усвои, мислам дека секаква добра волја и желба ќе биде тешко да се реализира. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Бидејќи е веќе 18,00 часот, тука ја прекинувам седницата за денес.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со денешната 55-та седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,02 часот)